**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам 122 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Теута Арифи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, овластениот претставник на предлагачот на предлогот за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, претседателот на Апелациониот суд во Штип, претседателот на Основниот суд во Гостивар и Народниот правобранител.

Записникот од 114-та седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот? (Нема)

Констатирам дека записникот од 114-тата седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Бидејќи се потпишани односно дојдени 39 пратеници, па затоа морам старата пракса пак да ја повторам и предлагам пауза до 11,30 часот.

(По паузата)

Ги замолувам пратениците да влезат во салата. Знам дека има потпишано над 70 пратеници.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Сега присутни се 64 пратеници.

Да продолжиме со работа и има доволно за кворум, за да изгласаме некои дополнувања на дневниот ред.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за јавни патишта, со предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Кој ќе даде образложение од Владата?

(Нема претставник)

Благодариме и ова ќе остане за следната точка, иако имаат голема потреба овој закон да оди по скратена постапка, нема претставник.

Пратениците Благоја Гешоски, Роза Топузова-Каревска, Жарко Караџоски, Никола Б.Камчев, Коста Прешоски и Блаже Стојановски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година.

Информацијата ви е доставена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итноста оваа Информација да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Гешоски.Повелете.

**Благоја Гешоски:** Благодарам претседателе, колеги пратеници.

Ние предлагачите од група пратеници на Информацијата за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година, имајќи ги предвид севкупните состојби, посебно ви изминатите 10-тина дена, отежнатиот откуп на тутунот и незадоволството на тутунопроизводителите, кои што ескалираа би рекол со блокади на магистралните и регионални патишта, сметаме дека е повеќе од доволно за да ја образложиме итноста и согласно член 66 од Деловникот за работа на Собранието, да побараме дневниот ред на денешната седница да се дополни со оваа точка. Од тие причини апелирам до колегите да не поддржат во ова наше барање.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратениците Информацијата да биде разгледана на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

73 пратеници гласале, 72 за, нема воздржан, 1 е против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Народниот правобранител предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на заменик на народниот правобранител.

Предлогот ви е доставен.

Молам, народниот правобранител да ја образложи итноста овој предлог да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Иџет Мемети.Повелете.

**Иџет Мемети:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа дека уште на 27.11.2005 година на заменикот му е истечен мандатот, и Институцијата има неодложна и итна потреба од доекипирање на Институцијата со заменици на народниот правобранител. И, со оглед на тоа дека уште еден заменик народен правобранител не е избран и работи без мандат, бараме на

денешната седница по итна постапка да се утврди во дневниот ред, односно да се внесе во дневниот ред и овој предлог.

**Љупчо Јордановски:** Благодариме.

Предлогот на народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

77 пратеници гласале, 77 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на народниот правобранител е усвоен.

Пратениците Слободан Чашуле, Љупчо Јордановски, Гзим Острени и Слободан Најдовски, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на Совет на собранискиот канал.

Предлогот на одлуката ви е сега поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итноста Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Збор има господинот Слободан Чашуле. Повелете.

Господине Андов, гледам дека барате процедурално. Повелете.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, сакам во името на пратениците на Либералната партија да го поздравам враќањето на пратениците на ДПА во Собранието и со тој гест овозможија Собранието да делува како компактно тело, така како што е избрано од граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Благодариме.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Поздрав и од мене.

Благодарам господине претседателе. Со новиот закон за радиодифузија што го усвоивме минатата година и врз основа на опсежните консултации на сите пратенички групи со претседателот на Собранието, за да се регулира работата на собранискиот канал, кој сега се издвојува од МРТВ, која само го опслужува, а програмата треба да ја формира оваа куќа, значи Парламентот на Република Македонија, нам ни се наметнува како неопходно и многу итно донесување на одлука за формирање на Совет на собранискиот канал.

Затоа, сметаме дека,со оглед на тоа што помина премногу време од дерегулирањето би рекол на оваа област од работата на МРТВ, сметам дека на оваа седница неодложно мораме да ја донесеме оваа одлука. Ќе прочитате и ќе видите дека одлуката ние многу едноставна и е паритетна, предвидува Совет на собранискиот канал од 7 опозициони и 7 позициони пратеници со претседателот на Собранието како претседавач со Советот. Во овој Совет кој ќе биде отворен ќе учествуваат и експерти надвор од Собранието, инжињери, новинари, јавни личности.

Според тоа, за да може овој канал и оваа година легално да работи, за да можеме да ги регулираме сите дејности што тој ги опфаќа на начин на кој не обврзува законот, сметам дека е потребно да ја поддржите оваа наша иницијатива и да ја ставиме одлуката за формирање на Совет на собранискиот канал на денешната седница. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

80 пратеници гласале, 79 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на собранискиот канал, Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка, предлог на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски" и Предлог на одлуката за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Поради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секое од нив одделно.

Господине Каме Петров имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе.

За денешнава седница на Собранието на Република Македонија предлагаме дополнување, како што и вие рековте, на уште 4 нови точки во дневниот ред. Едната од нив се однесува на составот на Советот на собранискиот канал договрен меѓу вас и координаторите на пратеничките групи. Втората е де факто исправка на една поранешна одлука и останатите две се редовни активности за именување на одбори за доделување на престижни награди во Република Македонија. Итната и неодложна потреба овие точки да бидат предмет на денешната расправа е членот 66 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, што го цитираше и колегата Гешоски.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата, предлогот на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на собранискиот канал да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

79 пратеници гласале, 72 за, 5 воздржани, 2 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот на Одлуката за изменување на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република

Македонија за билатерална парламентарна соработка, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

75 пратеници гласале, 74 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлог на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски", да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

68 пратеници гласале, 68 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, предлогот на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври" да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

77 пратеници гласале, 75 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за избор на судии во Апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.

2. Предлог за избор на судии во основните судови во Струмица, Куманово, Охрид, Скопје 1, Тетово, Крива Паланка и Прилеп.

3. Предлог за разрешување на судии поротници во Апелациониот суд во Штип.

4. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.

5. Предлог на одлука за основање на Совет на собранискиот канал.

6. Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на собранискиот канал.

7. Предлог на одлука за изменување на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

8. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

9. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

10. Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Битола.

12. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Скопје 1, Скопје, Охрид и Битола.

13. Предлог за избор на заменик на народниот правобранител.

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација за полициска соработка во борбата против криминалот, со предлог на закон.

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемна заштита на класифицирани информации, со предлог на закон.

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Кралството Холандија за социјално осигурување, со предлог на закон.

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Чешка Република за социјално осигурување, со предлог на закон.

18. Мисија на Комитетот за односи меѓу заедниците по Информацијата од Министерството за внатрешни работи за остварување на правата на државјанство преку спроведување на закон за државјанство на Република Македонија со согледување на евентуални појави и пречки во неговото спроведување.

19. Предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинство на лицата со хендикеп.

20. Предлог за донесување на закон за еднакви можности на жените и мажите.

21. Предлог за донесување на закон за државен пазарен инспекторат.

22. Предлог на закон за стечај.

23. Предлог за донесување на закон за безбедност на производите, со предлог на закон.

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на топографијата на интегралните кола со предлог на закон.

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со предлог на закон.

26. Предлог на закон за странците.

27. Предлог за донесување на закон за надзор на државната граница.

28. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со предлог на закон.

29. Барање за давање автентично толкување на член 97 став 1 и 2 од Законот за работните односи, а во врска со член 6 од Законот за

персоналниот данок на доход, поднесен од градоначалникот на општина Ресен.

30. Барање за давање автентично толкување на членовите 64,65 и 66 од Законот за градење, поднесено од градоначалникот на општина Брвеница.

31. Барање за давање автентично толкување на членот 179 став 2 од Законот за семејството, поднесено од пратеникот Весна Борозан.

32. Барање за давање автентично толкување на членот 17 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а во врска со членот 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, поднесено од пратеникот Ангел Димитров.

33. Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколатата 2005 година.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Бидејќи нема никој пријавен, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

81 пратеник гласал, 79 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот Дневен ред.

Сега, повелете господине Апостоловски во врска со редоследот на точките во дневниот ред.

Господине Караџовски, вие сте први пријавени.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас предлагам точката Информација за состојбите со откупот на тутунот и за тутунопроизводството во Република Македонија да биде, незнам сега која е точка на дневен ред, предлагам да биде прва точка на дневен ред. Не сакам да образложувам зошто, но мислам дека ако треба да се разгледа, треба да се разгледа во овој момент, се друго би било џабе.

**Љупчо Јордановски:** Имате право господине Караџовски, но јас работам по онаа практика што е воспоставена и во принцип информациите ги ставам последни, но вие имате можност.

Значи, предлогот на господинот Караџоски, Информацијата која што е точка 33 во дневниот ред или последна, да биде прва точка на дневен ред, тој предлог го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

83 пратеници гласале, 36 за, 5 воздржани, 42 против.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Господине Апостоловски повелете.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Предлагам точката 28 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавни собири, со предлог на закон, да биде како точка 14 на дневен ред, веднаш после изборот на заменик на народниот правобранител.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот е точката 28 по новиот дневен ред да биде 14 односно после точката за избор на заменик на јавниот правобранител.

Предлогот го с тавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76, 56 гласале за, осум воздржани, 12 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господине Блаже Стојаноски, забележав дека сте пријавени.

Повелете ваш предлог.

**Блаже Стојаноски:** Мојот предлог се однесува на Инфорамцијата за состојбите околу откупот на тутунот и барам од последна точка да биде точка која ќе биде по број, вие точно знаете, бидејќи ние го немаме материјалот, по изборот и именувањето на судиите и одлуките кои се однесуваат. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски ова веќе го поминавме пред две години, еднаш се изјасни во врска со таа точка. . .

**Блаже Стојаноски:** Не е се во изјаснувањето господине претседателе, не е исто прва точка и по именувањата кои се, имаме сосема различен предлог комбинација. . .

**Љупчо Јордановски:** Какви и комбинации да првите мнозинството секогаш ќе го одбие, бидејќи еднаш се изјасни.

**Блаже Стојаноски:** Не се изјасни за истиот прдлог. Не е истиот предлог.

**Љупчо Јордановски:** Во ред, после што сакате?

**Блаже Стојаноски:** После точките кои се однесуваат на изборите и именувањата, зборувам за судии, поротници, и од Комисијата за избори и именувања да биде прва точка, а бројот не можам да ви го кажам затоа што го немам редоследот.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката за инфорамцијата да биде после изборот, да биде 14 точка на дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме..

Гласале 80 пратеника, 30 гласале за, 8 воздржани, 42 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија барам еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Не, не господине. . .

**Жарко Караџоски:** Зошто не, сакаме да донесеме одлука дали да учествуваме воопшто на оваа седница или не.

**Љупчо Јордановски:** Половина час пауза за таква одлука.

**Жарко Караџоски:** Барам еден час а не половина час.

**Љупчо Јордановски:** Половина час за таква одлука.

(Пауза од 11,53 до 12,33 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутните, поминаа повеќе од половина час.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам, сега сме присутни 64 пратеника.

Господинот Замир Дика бара процедурално.

**Замир Дика:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, ја користам можноста во име на ДПА и нашата Парламентарна група накратко да ги изнесам причините за нашето враќање во работата на институциите односно во Парламентот на Република Македонија.

Парламентарното мнозинство знае дека има две клучни причини за нашето напуштање на институциите од страна на нашата партија. Едната е начелото на можноста да се избере како еден фундамент кој го разликува човекот од другите суштества додека институцијата на изборите е една од основните институции која го разликува плуралниот систем од минатиот систем. Кога се загрозува системот на избори, на слободни и демократски избори во суштина се загрозува повредата на плуралниот систем и на самата демократија.

Во име на ова долго време го бојкотиравме системот за да дадеме една сериозна порака, посебно на парламентарното мнозинство кое носи одговорност за остварувањето на објективноста на еден плурален демократски систем со надеж дека овој политички чин да ја покрене свеста кај Парламентарното мнозинство за да во идниот период има такви избори кои ќе ни овозможат да чекориме напред.

Втората причина е  Охридскиот рамковен договор. Ние сме потписници на овој договор и стоиме зад тој договор, но во текот на периодот кога настапувавме во институциите,во самиот парламент, почнавме да не го признаваме овој договор и во текот на овој период имаше модификации, посебно во имплементацијата.

Кога почна да се дискутира дали е тој или друг Рамковен договор кон крајот на нивниот мандат значаен дел од овој Рамковен договор е неостварен.

Зошто денеска се вративме во Парламентот ако се истите дефекти во име на овие основни вредности кои го ценат плуралниот систем и во име на демократијата уште еднаш  даваме рака како Парламентарна група не само од нашиот акт кој, се надеваме, дека ги има освестено политичкиот фактор во Република Македонија, но и сите сигнали и условувања кои ги имаше Меѓународната заедница по последните локални избори ние ќе продолжиме да ги оствaруваме нашите програмски определби на ДПА во институциите на системот со надеж дека времето кое доаѓа, кое е од големо значење за иднината на Република Македонија и благосостојбата на самите граѓани на Република Македонија ќе знаеме да ја искористиме оваа шанса, бидејќи цениме дека е последна за да се чекори напред.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски процедурално.

**Жарко Караџоски:**  Господине претседателе, сакам да дадам образложение и став на Пратеничката група во однос на паузата.

Не ми е јасно зошто Парламентарното мнозинство не го поддржа нашето барање во една актуелна состојба каква што е оваа што ја имаме овие денови со протестите, со блокадите на патиштата, да се бара законот за јавни собири од незнам која точка предвидена да стане 14, за тоа Парламентарното мнозинство да има слух и да го испочитува, закон со кој ќе се ограничи правото на јавен собир, а една Информација за откуп на тутунот која на некој начин ја дадовме како пратеници пред тутунопроизводителите дека денеска ќе се расправа во Собранието, дури такво убедување даде и самиот премиер во претходната минатонеделна средба која ја имаше со тутунопроизводителите каде ја читаше Информацијата со заклучоците со ветување дека Собранието ќе расправа во вторник по неа.

Мислам дека е навистина апсурдно и нелогично да биде 33 точка која најверојатно ќе дојде идната недела. Значи, ако сакаме прашањата да ги решаваме и разрешуваме овде во Собранието не треба да бегаме од расправа, од носење на заклучоци со кои ќе испратиме сигнал до Владата да постапи така како што треба да постапи, а од друга страна нема да го тргнеме Соранието од она што значи претставници на граѓаните за сите проблеми кои ги имаат граѓаните. (Опомена од претседаелот).

Ќе прекинам претседателе, кога ќе прекинам. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски поминаа три минути за процедурално, мислам дека треба да објасните зошто побаравте половина час пауза.

**Жарко Караџоски:** Па тоа го објаснувам цело време.

**Љупчо Јордановски:** Не го објаснувате, вие нешто друго објснувате. Зошто мнозинството не гласа, се чудите зошто мнозинството гласало така како што гласал, тоа не е објаснување за вашата пауза.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Тоа што мене ме чуди е друго, јас ќе го кажам ставот на Пратеничката група. Имајте трпение, имам уште минута и 30 секунди.

**Љупчо Јордановски:** Јас само да ве упатам во правата. . .

**Жарко Караџоски:** Еве, истите тие пратеници што сме потпишани на Информацијата знаеме како доаѓаме во Скопје со сите овие блокади, знаеме што значат и колку можат да иритираат и нив и избегнување од решавање напроблемите.

Според тоа, уште еднаш како пратеничка група инсистираме и ако нема слух, затоа побарав пауза, но за жал, не се договоривме ништо со координаторите, инсистирам, за да не ви го поставуваме барањето секој пратеник поединечно, кое право го имаме, не можете да ни го одземете, дали ќе биде 4-та, 3-та, 2-ра, можеме сите варијанти да ги правиме, немате право да ни го ограничувате тоа. . .

**Љупчо Јордановски:** Но, имате една варијанта каде може тоа да не се случи. Ајде. . .

**Жарко Караџоски:** Има и таква. Јас ви кажувам дека тоа право ќе го бараме за да ви ги скратиме маките и вам, но пред се, да им удоволиме на граѓаните, особено на тутуно производителите, не бегам од одговорностите оваа точка, еве, не мора да биде прва, нека биде 14-та или 13-та за да почнеме да расправаме за нешто за кое мислам дека има место и треба денеска тоа да се направи. Се друго е илузија. Односно се друго е џабе.

Значи, нашиот став е, повторно ќе го повикам координаторот на пратеничката група на СДСМ ако може да се произнесе по ова, ако не, да не барам повторно пауза за да го изнесеме крајниот став.

Ако нема слух ќе преземеме други мерки, како што ви најавив.

**Љупчо Јордановски:** Формулирајте го предлогот господине Караџоски за да можам да го ставам на гласање.

**Жарко Караџоски:** Предлогот е да се гласа уште еднаш по однос на нашата точка односно Информацијата да биде 13-та или 14-та, еве нека биде 13-та точка на дневен ред.

**Љупчо Јордановски:** Велите после 13-та пред Предлогот за јавни собири, или после Предлогот за јавни собири?

**Жарко Караџоски:** Не, 13-та точка пред Законот за јавни собири. Тоа ми е предлогот.

**Љупчо Јордановски:** Во ред, јас тоа морам да го ставам на гласање.

Го ставам на гласање предлогот Инфорамцијата. . . Блаже Стојаноски имаше предлог после 14-та точка, тоа е после јавните собири, а ова е после 13-та точка, бидејќи така се изјасни господинот Караџоски, може после секоја точка имаат право да предлагаат. Сега се предлага да биде помеѓу 13-та и 14-та точка. Тоа не е проблем.

Предлогот го ставам на гласање, тоа е Информација за откуп на тутутнот од реколтата 2005 година да биде после 13-та точка односно точка која е сега избор на заменик јавен правобранител. Ве молам, тука да бидеме колегијални, јас не сугерирам ништо.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 31 за, 7 воздржани, 34 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Алити имате процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе,

Ние како Парламентарна група порано го поздравивме враќањето на ДПА во работата на Собранието, исто така и денеска го поздравуваме нивното враќање и тоа што го кажа координаторот на Парламентарната група на ДПА мислам дека треба да се каже на прес, а не тука да се бара процедурално.

Тоа што го барам јас е токму тоа, забелешката е до вас господине претседател, требаше да ја прекинете процедуралната забелешка на координаторот затоа што тоа не беше тоа. Доколку ги прекршуваме тие критериуми, тогаш и другите Парламентарни групи знаат тоа да го направат и ние можеме да бараме таква процедурална забелешка и да се пуштиме во расправа.

Благодаам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити дали ќе ми кажете која е разликата помеѓу објаснувањето на господинот Караџоски за половина час пауза и објаснувањето на господинот Замир Дика, процедурално за 10 месеци пауза. Ќе ми кажете која е разликата? Јас не сум надвор од Деловникот или од праксата која ја воспоставивме.

Повелете господине Макрадули, имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ го поздравувам доаѓањето или почнувањето на активностите на Пратеничката група на ДПА повторно во Собранието. Сметам дека можеме понекогаш овде јавно да успееме да се договориме за некои работи што можеби се на граница на процедурата.

Бидејќи во овој момент дел од предлагачите, се на разговори во Кабинетот во Владата, дел од пратениците што се предлагачи учествуваат во преговорите или во разговорите со претставниците на тутунопроизводителите, нашиот став е да почекаме да не вршиме дополнителен притисок од Собраниската говорница, да почекаме да заврши дел од разговорите во Владата на Република Македонија да се вратат предлагачите на точката која немаме дилема дека треба да биде на седницата на Собранието и потоа врз база на тие заклучоци, а и врз база на Деловникот што ни дозволува да ги менуваме точките на дневниот ред и во текот на расправата да се произнесеме по заедничките договарања што се прават моментално во Владата, повторувам, поголемиот дел од предлагачите учествуваат на разговорите во Владата на Република Македонија.

Значи, не бегаме од расправата, да не вршиме дополннителен притисок на преговорите кои се одвиваат во овој момент каде поголемиот број од предлагачите се на тие разговори таму.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски ова е последно процедурално, бидејќи при крај на овој мандат излезе од контрола. Процедуралните се навистина корисни за нешто друго.

Господине Стојановски имате три минути процедурално иако нема толку време во Деловникот.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе од процедуралното најмногу јас се придржувам до процедуралното затоа што другите работи беа честитки што ги слушавме. Затоа барам многу конкретна работа. Точката 14 - законот за јавни собири кој беше изгласан како приоритетен закон, да биде точка 27, тоа е е дниот предлог.

Вториот предлог е последната точка од дневниот ред - Информација за состојбите со откупот на тутунот во Република Македонија да биде точка 5.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојаноски, мислам дека ова ги превршува сите мерки, ги надминува сите мерки. Точката 14 веќе ја изгласавме - за јавните собири, тука не можеме повеќе да се изјаснуваме околу тоа.

Ве молам, јас ја водам седницата и јас го толкувам Деловникот. Тоа нема да го ставам на гласање затоа што еднаш се изјаснивме. Само можеме да бидеме несериозни пред јавноста.

Ова другото што го кажа господинот Караџоски дека вие имате право Инфорамцијата за откупот на тутунот после секоја точка, ако сакате ќе го издржиме и тоа по секоја точка да ја ставаме и да гласаме, ќе ја ставам, вие рековте точката 33 на кое место да биде сега? Не, 14-та не ја ставам затоа што еднаш се изгласа.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе ова е во контекст на она што го кажа координаторот на пратеничката група на СДСМ господинот Јани Макрадули. Тој рече дека инфорамцијата. . .

**Љупчо Јордановски:** Координаторот ништо не се изјасни за точката. . .

**Блаже Стојаноски:** Тој рече дека за тутунот ќе била ставена зависно од преговорите во Владата. Јас барам законот за јавни собири да биде ставен во зависност од преговорите во Владата.

**Љупчо Јордановски:** Нема преговори во врска со тоа и немојте да злоупотребуваме.

Ве молам, точката 33 на кое место сакате да биде, повторете.

**Блаже Стојаноски:** На 5-то. Информацијата за состојбите на тутунот барам да биде на 5-то место.

**Љупчо Јордановски:** Информацијата за тутунот да биде како точка 5 ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 од кои 24 гласале за, 2 воздржани, 40 против.

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе имаме нов предлог.

Предлагаме седницата да се прекине и да не работи денеска Собранието, да се прекине до оној момент додека овој преговарачки тим кој го најави координаторот на СДСМ, тој кажа потписниците на барањето за инфорамцијата, но и ние сме потписници господине претседателе и јас и господинот Стојаноски. Јас не знам зошто се прави дистинкција ние да не бидеме таму, а некој да изигрува херој пред тутунопроизводителите, а овде не сака да дискутира додека шефот или лидерот на СДСМ не каже што ќе каже. Јас не гледам поголемо и поприоритетно прашање во овој момент од тутунопроизводителите затоа што целата Република Македонија е бранувана од тој процес.

Ајде да не играме варијации седницата да ја прекинете до моментот додека не се вратат поголемиот број, како што кажа координаторот.

**Љупчо Јордановски:** Право да ја прекине седницата има само претседателот на Собранието.

**Жарко Караџоски:** Па јас ве повикувам ако можев јас ќе ја прекинев, немаше да ве прашам.

**Љупчо Јордановски:** Делумно ќе го услишам вашиот апел, но претходно сакам со координаторите на пратеничките групи. . .

Давам пауза од половина час. Ве молам во Охридската сала состанок со координаторите на пратеничките групи.

Пауза од 12,52 до 13.25 часот.

(По паузата седницата продолжи со рабора во 13,25 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Јас би сакал да ве информирам за договорот кој што е постигнат помеѓу координаторите на пратеничките групи. Тој договор јас ќе го обнародам со тоа што, користејќи ја деловничката можност ќе предложам точката 33 - Информација за состојбата со откупот на тутунот од реколтата 2005 година, значи после точката 14 по новиот дневен ред кој што е после Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, е направен компромис, сите се согласија и затоа овој мој предлог кој што деловнички јас можам да го предложам, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, гласале 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека точката 33 сега е точка 15.

Господине Исмет Рамадани дали имате нешто во врска со редоследот на дневниот ред?

**Исмет Рмадани:** Благодарам господине претседателе.

Сакав да интервенирам во врска со дневниот ред на денешната седница. Точката Предлог за донесување на закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп, врз основа на еден редослед претходен, требаше да биде точка 5 од дневниот ред, но по новиот редослед таа е точка 20.

Мислам дека би било добро оваа точка од дневниот ред да биде точка 10, бидејќи имаме избори и именувања, со самиот факт дека за неколку точки од дневниот ред уште сега влегува како 14-та и така натаму, се точки за кои ќе има сигурно поголема расправа, затоа би било добро и пожелно оваа точка да биде точка 10 од дневниот ред, со самиот факт што е предлог за донесување и е во прва фаза, ќе имаме расправа натамошна во врска со овој закон и треба да имаме поголемо чувство за оваа точка, со самиот факт дека се говори за еден закон кој ретко пати се случува со иницијатива на граѓани да имаме закон за кој треба да расправаме во овој Парламент. И да се даде можност во втората фаза овој парламентерен состав дефинитивно да донесе еден ваков закон кој е во однос на заштитата на правата и достоинството на лицата со хендикеп.

Значи, предлогот е следен: Оваа точка да биде 10-та точка од дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рамадани, нема да коментирам, но сепак, ќе кажам една работа дека вие знаете од пракса дека сите 14 точки први, се воглавном, кадровски решенија за кои што ние имаме согласност и тоа зазема малку време. Реално точката 20 е трета или четврта. Имавме опасност воопшто да не ја одржиме седницата денеска. Затоа е направен тој компромис. Но по Деловникот морам да го ставам вашиот предлог 20-та точка да биде 10-та точка.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Сега секретарот ме опомени дека за таков предлог треба да имаме поддршка од десет пратеници. Но не е битно, не сме толку формалисти.

Гласале 67 пратеника, 21 гласале за, 5 се воздржале, 41 гласале против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи нема пријавени повеќе за збор, со тоа ја затвораме расправате по дневниот ред и по содржина и по редослед.

Во текот на седницата ќе ви биде поделен конечниот дневен ред. Вие го знаете редоследот и затоа сега поминуваме на првата точка од дневниот ред.

**Предлог за избор на судии во апелационите судови во Скопје, Битола и Штип.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Надица Андреева да биде избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Надица Андреева да биде избрана за судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни гласале 59, 59 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Надица Андреева е избрана за судија во Апелациониот суд во Скопје.

Отворам претрес по предлогот Лидија Мијаковска да биде избрана за судија на Апелационот суд во Битола.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас да не се јавувам за секој предлог посебно од овие предложени судии за Апелационот суд Скопје, Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд - Штип, разгледувајќи го предлогот едно ми падна во очи. Значи за оној предлог што го изгласавме, за госпоѓа Надица Андреева да биде избрана за судија во Апелациониот суд Скопје, во образложението на Републичкиот судски совет стои...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска, дали вие користите дигресија, бидејќи станува збор сега за госпоѓа Лидија Мијаковска. Ве молам тоа е точката на дневен ред.

**Марија Којзеклиска:** Јас кажав на почетокот, вие не ме слушнавте. Да не се јавувам за сите, кратко ќе ви објаснам зошто се јавувам.

**Љупчо Јордановски:** Бие се јавувате за нешто што е поминато. Вие јавувајте се за сите госпоѓо Којзеклиска, бидејќи точка на дневен ред е госпоѓа Лидија Мијаковска која што е предложена. За неа имате аргумент.

**Марија Којзеклиска:** Госпоѓа Лидија Мијаковска, почитуван претседателе, има согласност, или има мислење на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија. Ќе се навратам со една дигресија и онаа кандидатка која претходно помина има од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, наредниот кандидат кој исто така треба да биде член на Апелационот суд во Штип, значи да не се јавувам за збор, нема мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија. Ако веќе зборуваме за избор на судии во апелационите судови, каде што според мене, а и според сите овие предлози кои доаѓаат треба да постои мислење на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, дали тие лица имаат кредибилитет да бидат предложени од страна на Републичкиот судски совет и избрани од страна на Собранието, зошто

тогаш се прашувам, штета што не е претседателот на Врховниот суд тука присутен, туку е само госпоѓата Ленче Софрониевска.

**Љупчо Јордановски:** Не е присутен, бидејќи по закон и по устав тој не предлага судии.

**Марија Којзеклиска:** Да, ама согласно Законот дава мислење за избор на судии.

**Љупчо Јордановски:** Не е задолжително и на давање мислење на некое мислење.

**Марија Којзеклиска:** Добро претседателе, вие ли сте претседател на Врховен суд или на РСС па ми држите предавање.

**Љупчо Јордановски:** Јас не сум претседател, но ние ги бираме тука.

**Марија Којзеклиска:** Јас сакам да укажам на непринципиелноста. Не знам каде е спорот, дали е меѓу РСС, или Врховниот суд, мене апсолутно не ме интересира, меѓутоа, значи не е во ред кога даваме предлози за Апелационен суд и идните реформи кои ни претстојат во судството да нема мислење, или унифицирано правило за предлагањето на кандидатите и нивна верификација од страна на општата седница на Врховниот суд. Благодарам претседателе. Ќе се јавам за збор повторно.

**Љупчо Јордановски:** Веќе рековте и за едните и за другите. Јас ќе го повторам она што мислам дека сум во право и го знам, мислам дека мислењето не е задолжително. А од друга страна, немање мислење е мислење, како што ние како пратеници овдека не гласаме, или сме воздржани. Така да, се знае по устав и по закон кој предлга и како предлага.

Госпоѓа Софрониевска како предлагач имате предност. Повелете.

**Ленче Софрониевска:** Јас би сакала само една исправка на госпоѓата пратеничка. Така се совпадна, што предлогот на трите кандидати што се,се со поддршка и со дадено мислење на општата седница на Вровниот суд на Република Македонија и тоа уште во 2004 - 2005 година. Инаку, во текот на 2002 година, општата седница на Врховниот суд има завземено, ставови, критериуми и мислења , еднаш утврдените кандидати за напредување во текот на кариерата од страна на општата седница на Врховниот суд дека тие кандидати се сметаат како утврдени кандидати и секое понатамошно утврдување ќе биде дополнување на листа. Сега овој втор дел за кој што законот зборува, Републичкиот судски совењт, согласно Законот за Републички судски совет, а со веќе и утврден статус дополнително со амандманите, односно со Уставниот закон за спроведување за спроведување на амандманите, сосема легитимно постапува по постојните законски прописи, се до стапувањето во сила на новите закони.

Вие самите и од дискусијата на госпоѓата пратеничка, можете да констатирате дека согласно член 13 од Законот за Републички судски совет, Републичкиот судски совет е единствениот орган кој што може да предложи пред Собранието избор на кандидати за судии и претседатели на судови и по претходно мислење на матичните судови каде што се бира судијата, потоа, повисоките судови и општата седница на Врховниот суд.

Ова би било се во ред, што го дискутираше госпоѓата пратеничка, доколку Законот предвидел барање исклучиво на согласност, од страна на повисоките судови или општата седница на Врховниот суд. Законски рокови и деловнички рокови за доставување на мислења постојат, така што, тие се почитувани од страна на Републичкиот судски совет. Како што самите гледате се работи за огласи за избор на судии од 9 месец 2005 година, сосема легитимно и во согласност со закон, Републичкиот судски совет ги има утврдено овие предлози и доставено до Собранието, кое што исто така ги има ингеренциите за конечниот збор за изборот на судиите, согласно Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани и тоа е предвидено во член 4 од овој Уставен закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Ви благодарам господине претседател, ние гледаме дека денес имаме дневен ред кој што е доста оптеретен со изборина судии и со одлуки за именување на судии. За жал, предлогот за Апелациониот суд во Битола ме тера да направам една начелна забелешка. Вие знаете дека Апелациониот суд во Битола го покрива Битола, Ресен, Охрид, Струга, Долнени каде што живее еден значителен број на албанци. Мислам дека посебно Судскиот совет, меѓутоа, сега и Парламентот треба да им биде јасно дека токму во судовите во Битола опфаќајќи ги тука и основните судови, сега и апелационните судови немаме претставници судии од заедницата која што не е македонска заедница, односно нема албанци. Бидејќи сега веќе се донесени и амандманит во Уставот, усвоени се амандманите, вие знаете дека се менува статусот на судиите. Мислам дека е политичка грешка сега набрзина, мислам дека нема никаква потреба од итност да се направат сите овие именувања токму во предизборната фаза.

**Љупчо Јордановски:** Првата дигресија заврши. Зборувајте за кандидатот кое што е овде точка на дневен ред. Независно што сега сте после 10 месеци во Собранието, вие ќе го почитувате дневниот ред и процедурата која што е тука установена. Затоа поминете на темата, или завршете со вашата дигресија.

**Џевдет Насуфи:** Господине претсердател, благодарам за заблелешката. Веќе два, три пати го кажувам истото. Мислам дека овде не се случи ништо исклучително, меѓутоа вие како мнозинство продолжувате со практиката која што ја имавте во минатото, тоа значи партизација на судството. Во овој контекст е и мојата забелешка. Јас не говоарам за конкретната забелешка, затоа што на крајот на краиштата тој треба веќе да е

поминат во професионалните инстанци кои се меродавни да дадат проценка и тука во оваа прилика тоа не го направиле. Меѓутоа, мислам за политичките последици за кои што и вие како претседател сносите одговорност и ова Собрание сноси одговорност.Бидејќи не реков случајно дека Апелациониот суд во Битола ги покрива сите овие населени места од кои што немаме судии во Апелациониот суд Албанци, мислам дека тоа е бесмислица и правна бесмислица, меѓутоа и политичка бесмислица. Ова беше мојата начелна забелешка. И за тоа не мислам дека излегов надвор од Деловникот и мислам дека и вам ви е јасно дека не излегувам од Деловникот. Меѓутоа, треба да се даде една забелешка дека можеби ќе беше добро со новите предлози Судскиот совет да престане.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи, излеговте и те како од Деловникот, но не излеговте од непишаното правило за дигресии. Затоа се согласувам со вас и ве сослушавме до крај.

Има збор господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ве поздравувам сите присутни.

Предлозите од страна на РСС, значи за трите предлози, а посебно за предлогот во однос на Апелациониот суд во Битола се забележува дека РСС нема стратегија , или намерно не се води од начелата за да направи правична и соодветна застапеност на заедниците во судскиот сектор. Значи, РСС со проценти да ни каже колку предмети на албанците се раководат во Апелациониот суд во Битола, колку предмети се раководат во Скопје и колку во Штип. Од наши информации над 50% од предметите во Апелациониот суд во Битола се албанци кои бараат, над 80% од предметите во Апелациониот суд во Скопје се албанци, а во Штип не знам колкав е овој процент. Се додека има ваков вид на третман, или вакви избори кои немаат никаква согласност со правичната и соодветна застапеност, а со што треба да се предводиме сите ние заедно, значи тоа што не принудува Охридскиот рамковен договор и самиот Устав, значи во иднина ќе имаме проблеми. Нешто вакво се укажува во пракса. Праксата укажува, бидејќи многу рочишта како Сопот, како разни други судски случаи .

**Љупчо Јордановски:** Вратете се на точката на дневен ред.

**Ружди Матоши:** Јас секогаш го споменувам Апелациониот суд во Битола. Значи, не се согласувам со предлогот за овој Апелационен суд, односно тоа што го предлага РСС. Значи вакви случаи ги оспорија и меѓународните организации како ОБСЕ, НАТО, Меѓународниот црвен крст. Значи со жалост можам да констатирам дека РСС не се води од прејудикациите на меѓународниот фактор за судските реформи и за начинот како треба да ја постигнеме застапеноста. Значи, нема стратегија туку се води од едноумието кое се негуваше во комунизмот. Овде вината треба да ја имаат и претставниците во Владата кои се од ДУИ кои немаат создадено никаква стратегија, или третман .

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, еве сега дискусијата во однос на предложениот кандидат за судија во Апелациониот суд Битола госпоѓата Лидија Мијаковска која што и покрај тоа што лично не ја познавам, од фелата во Битола има доста високо мислење. Во овој момент нејзиниот избор можеби е и правото решение за Апелациониот суд Битола. Јас ги разбирам колегите во однос на ова што го говореа, но тоа значи избор на судии, или не избор во овој момент но сега говориме за нешто што веќе е направено. Треба да говориме за судијата кој што е предложен. Мислам дека ниту вие како пратеници, ниту пак некој од нас има нешто против во однос на изборот на госпоѓата Лидија Мијаковска. Јас се сложувам со вас и мојата забелешка беше дека во овој момент можеби пред реформите во судстовот не е добро да се избираат судиите затоа што се прави еден притисок врз сите нив. Но, во секој случај сега имаме од РСС предложено кандидат. Значи, во старт требаше да се договориме или до изборите да нема повеќе избор на судии и така судството додека не се реформира да биде во оваа ситуација во која што е сега, или пак во овој момент да гласаме за оние судии кои што се веќе предложени. Ако имаме забелешки сето тоа е во ред. На овој начин мислам дека нема да постигнеме ништо. Треба да кажеме генерално со кое нешто се сложуваме, со кое, не. Јас уште еднаш ќе кажам дека за госпоѓата Лидија Мијаковска има многу добри зборови од судиите во Битола. Така што мислам дека тука е правиот избор, за разлика од некои други кои претходно беа избрани и судството секако дека не мислеше баш најдобро за нив.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Лидија Мијаковска да биде за судија во Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 63 за, еден воздржан, 5 против.

Констатирам дека Лидија Мијаковска е избрана за судија во Апелациониот суд во Битола.

Отворам претрес по Предлогот Васил Стефанов да биде избран за судија во Апелациониот суд во Штип.

Ве молам кој бара збор? Никој.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Васил Стефанов да биде избран за судија во Апелациониот суд во Штип го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 61 за, 2 воздржани, 1 против,

Констатирам дека Васил Стефанов е избран за судија во Апелациониот суд во Штип.

Предлог за избор на судии во основните судови во Струмица, Куманово, Охрид, Скопје 1,-Скопје, Тетово, Крива Паланка и Прилеп.

Предлогот за ибор ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот Тони Делев да биде избран за судија во Основниот суд во Струмица.

Кој бара збор.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко почитуван претседателе, сакам да потсетам дека во Собранието на Република Македонија се донесоа уставни амандмани со кои што сите се согласивме дека треба да се направат реформи во судството кои ќе обезбедат независно и непристрасно судство да имаме во Република Македонија. Со тоа се одзеде можноста и на РСС понатаму да предлага судии и Собранието да одлучува за ваквите предлози. Мислам дека не е морално и не е принципиелно во пресрет на изборите забрзано да се продолжува со партизација на судството на Република Македонија. Лицемерно е да се зборува за реформи во судството, дека треба да се престани со партизација на судствтото, а од друга страна и понатаму да се продолжува со тоа. Мислам дека периодот што е пред нас од неколку месеци треба да се искористи да се скратат по можност, значи колку што е можно повеќе. да се скратат роковите дадени со Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани и да се создадат услови за започнување со работа на Судскиот совет на Република Македонија за да може како што им ветивте на граѓаните на Република Македонија конечно да имаме независен избор на судии. Од тие причини пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да ги подржи предлозите кои што следуваат. Исто така, исто беше  и со другите. Значи, ценам дека напорите треба да се насочат кон донесување на закони кои што ќе направат да профункционира судскиот совет и независноста на судството да биде гарантирано.

**Љупчо Јордановски:** Се е во рамките на она што се договоривме , една дигресија од две минути. Само не ми е јасно зошто се јавивте за овој судија во Струмица, а не за претходните кога ги гласавме.

Има збор госпоѓа Пеева.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Реплика на дигресијата на госпоѓа Бонева која што сега повикува на деполитизација на судството и департизација која што не успевам да ја видам. Имено нејзината политичка партија ВМРО-ДПМНЕ е единствената парламентарна партија која што не ги подржа уставните амандмани а кои што се основа за порфесионализација на оваа фела и на поинаков систем на институанилизирање и не знам доколку ја следевме вашата логика овој систем на предлагање на судии ќе траеше уште подолго време. Ми се чини дека вие се повикавте на принципиелност и моралност , дека вие токму во овој случај имате најмалку право да се повикувате на тие принципи. Бевте единствени коои што бевте против уставните амандмани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке,

Вие бевте тие кои што во Собранието на Република Македонија ја убедувавте целата македонска јавност дека со уставните амандмани конечно во Република Македонија ќе престане партизацијата на судството. Тоа го признавте сите вие и донесовте нови уставни амандмани со кои што кажавте дека ќе се гарантира независноста на судството. Ако е така, тогаш зошто и понатаму се продолжува со партизација на судството? Тоа беше моето прашање.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Значи се работи за избор на еден судија во Основниот суд Струмица по огласот објавен во "Службен весник на Република Македонија " број 6 од 28.01.2005 година, значи скоро година и повеќе минало одкако бил објавен огласот. И по пријавените 24 кандидати се предлага господинот Тони Делев кој досега работи како стручен соработник во Основниот суд  Струмица. Во биографијата на господинот Делев е наведено дека покрај сите оние други работи кои ги врши поседува и сертификат за тренер на судската администрација во Проектот за реформа на јавната администрација , значи поседува сертификат што е добро и дека истиот е предложен како кандидат за избор на судија од Основниот суд Струмица и судскиот колегиум на Апелациониот суд во Штип и истиот има позитивно мислење од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија која била одржана на 17.06.2005 година. Ова што го прочитав, сакам да кажам дека ќе гласам за човекот кој е предложен како судија на Основниот суд во Струмица. Но, ќе го задржам правото да дискутирам по она што го кажав и да направам паралела за идниот кандидат.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Тони Делев да биде избран за судија во Основниот суд во Струмица го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

53 пратеници гласале, 51 за, двајца воздржани, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присутни се 74 пратеници.

Затоа можам да констатирам дека Тони Делев е избран за судија во Основниот суд во Струмица.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, оние кои што не се влезени да влезат.

Отоврам претрес по предлогот Лорета Ѓорѓиева да биде избрана за судија во Основниот суд во Струмица.

Молам, која бара збор.

Има збор, пратеникот Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе,

Кога полимизирав пред малку со претседателот, реков дека ќе се јавам за збор и за вториот кандидат кој се избира за истиот суд, значи Основниот суд во Струмица.

Пред овој предлог, за судија ние го Основниот суд во Струмица.избравме господинот Тони Делев и со тоа би сакала да му го честитам изборот за судија во Основниот суд Струмица.

Сега на ред за избор ни е госпоѓа Лорета Ѓорѓиева, стручен соработник во Основниот суд во Струмица.

Сега она што мене ме буни во биографијата која ја има госпоѓата Лорета, има наведено дека има издвоено позитивно мислење од Основниот суд во Струмица и од судскиот коелгиум на Апелациониот суд во Штип, од 7.03.2005 година.

Јас како тоа го разбирам, има издвоено позитивно мислење од Основниот суд во Струмица, значи дека од мнозинството членови на колегиумот на Основниот суд во Струмица, еден дел од нив гласал за госпоѓата Лорета Ѓорѓиева да биде предложена за судија на Основниот суд во Струмица.

Сега си го поставувам прашањето, со оглед на тоа што на овој оглас се пријавиле 13 кандидати за судии на Основниот суд во Струмица, ако за госпоѓа Лорета Ѓорѓиева, еден или двајца од вкупниот колегиум дале позитивно мислење и се согласиле со предлогот, какво тогаш мислење има за останатите 12 кандидати кои исто така ги поднеле своите документи за избор на судија во Основниот суд во Струмица. Со оглед на тоа што вака е наведено во самата биографија на госпоѓата Лорета Ѓорѓиева, лично не ја познавам, меѓутоа, се прашувам колку ќе може да ја постигне онаа цел која е цел на сите судии, а тоа е правилно и праведно судење. Во исто време да не заборавиме дека кај нас почнува со промените на Уставот, реформтие во правосудниот систем и со тоа и реформите во судството.

Ние дебатиравме, почитуван потпретседателе и почитувнаи колеги, за измените на Уставот, токму во делот на судството затоа што е констатирано дека најголем проблем ние имаме со судството. Значи сите укажувања од меѓународните експерти доаѓаат на тоа дека нашето судство е неажурно, тромо, неефикасно. Сега навистина се поставува прашањето како овој кандидат со издвоено позитивно мислење е предложен од страна на Републичкиот судски совет, меѓу другите 12 кандидати, токму тој да биде избран за судија. Уште еднаш прашувам, тогаш какво е мислењето за останатите 12 кандидати, од страна на соодветните органи, значи тоа е Основниот суд во Струмица и Апелациониот суд во Штип, како надлежен регионален суд. Не спомнувам она што беше во некои од печатените медиуми, јас се концентрирам и се фокусирам само на она што како биографија о образложение е дадено од страна на Републичкиот судски совет, за овој кандидат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор претседателот Републичкиот судски совет, госпоѓа Ленче Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Сосема го почитувам прашањето на госпоѓата пратеник.

Јас би сакала само малку да позборувам за начинот на постапувањето на Републичкиот судски совет при утврдувањето на кандидати за судии, особено во делот на утврдување на судии кои прв пат стануваат судии.

По објавувањето на огласите и по поднесувањето на пријавите, се обраќа Републичкиот судски совет, до матичниот суд, повисокиот суд и општата заедница.

Во случајот каде е констатирано дека имало издвоено мислење за колешката Лорета Ѓорѓиева, тоа е преземено од дописите на судовите, а веројатно издвоеното мислење се однесува заради тоа што се работи за кандидат кој наспрема другите кандидати вработени во овој суд, има помал број години на стаж. Меѓутоа, издвоено е позитивното мислење како квалитет кој би можел да дејствува, да работи во натамошните реформи на судството.

Сакам да бидете уверени дека и на овој состав на Републичкиот судски совет и на идниот орган кој ќе ги работи овие работи, избори и разрешување на судии, најтешко ни е при утврдувањето на предлозите на кандидати и затоа се осврнуваме најпрвин на матичните судови и на повисоките судови, но кај првиот избор најповеќе кај матичните судови кои гласаат за кандидатите кои се предлагаат, заради тоа што сметаме дека во пресрет на реформите така и треба да работиме. Две години работиме на овој ист начин. Ние сме две години и 4 месеци како состав и така работиме.

Значи, госпоѓата пратеник не ја познава оваа кандидатка, не ја познавам, верувајте, ниту јас, ниту членовите на Републичкиот судски совет. Вие во биографиите гледате како се тие предлагани. Издвоеното позитивно мислење го утврдил матичниот суд каде што е вработена, дал приоритет, како што имавме и порано кандидати кои не ни поминаа. Му веруваме на судот и го предлагаме пред Собранието. Вам ви останува, вие го вршите изборот. Ние имаме елементи зошто сме ја предложиле, од биографијата која овде на кратко е прикажана, од вредностите што ги има, на кои немаме причини да не веруваме. Го предлага тоа издвоено мислење самиот суд. Јас мислам дека издвоено

особено заради тоа што се работи за кандидат со помал број на години на стаж, а имаме реагирање од судовите каде по 15-16 години работат како стручни соработници и тие кандидати реагираат зоштоне се избрани. Меѓутоа, определба беше на овој состав, веројатно ќе биде и на другите, да се прави еден баланс од подолготрајното искуство што го имаат определени кандидати, до кандидати кои навистина вредат и кои ќе можат да придонесат во натамошниот пат на реформите на судството. Други причини немаме. Предлогот е наш, на вас останува да изберете или да одбиете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Три минути реплика пратеникот Марија Којзеклсика.

**Марија Којзеклсика:** Искрено да ви кажам, ако издвоеното позитивно мислење на Основниот суд Струмица за кандидатот Лорета Ѓорѓиева се однесува само за тој кандидат и образложениот на Републичкиот судски совет, дека најверователно затоа што е прв пат предложена да биде судија во Основниот суд Струмица, според мене лично, и сите наредни кандидати се стручни соработници, виши соработници во апелационите судови, значи сите  скоро прв пат избираат за судии, но за секој нема издвоено мислење на матичниот основен суд. Овој кандидат и некои други имаат издвоени мислења од страна на судовите, што укажува на фактот дека, ќе повторам, од мнозинството судии во Основниот суд Струмица, само еден дел од нив смета, не сакам да манипулирам со бројот, дека овој кандидат треба да биде судија на Основниот суд Струмица. И пак ќе прашам, затоа што ние како пратеници, на тоа сугериравме и до сега на Републичкиот судски совет, значи ги немаме биографиите на останатите 12 кандидати. Не ми одговори претседателот на Републичкиот судски совет, какви мислења имаат останатите 12 кандидати за избор на судија во Основен суд Струмица. Дали сите имаат издвоени позитивни мислења, или за некои од нив целиот колегиум се изјаснил позитивно, како што има формулација, позитивно мислење од судскиот колегиум на Апелациониот суд Битола за судијата кој ќе ни дојде на дневен ред. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Конастатирам дека нема повеќе приајвено за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Лорета Ѓорѓиева да биде избрана за судија во Основниот суд во Струмица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници 54 гласале за, 3 воздржани, 6 против.

Констатирам дека Лорета Ѓорѓиева е избрана за судија во Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот Снежана Манев да биде избрана за судија во Основниот суд во Куманово.

Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклсика:** Покрај се она што е наведено во биографијата и овде стои дека има издвоено позитивно мислење од судскиот коелгиум на Апелациониот суд Скопје, од 31.10.2005 година, како и во мислењето на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија од 23.01.2006 година. Ваквата формулација за мене е неразбирлива, дали и овде имаме издвоено позитивно мислење од мислењето на општата седница на Врховниот суд или, општата седница на Врховниот суд и дала целосна поддршка на кандидатот Снежана Манев која работи какос тручен соработник во Основниот суд Куманово. Значи зборувам за еден континуитет и една принципиелност во предлагањето на кандидатите, не зборувам за личности. Така е наведено во биографијата, тоа што го навел Републичкиот судски сове. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет, госпоѓа Ленче Софрониевска**.**

**Ленче Софрониевска:** Сепак треба да се дообјасни.

Издвоено позитивно мислење значи, ако се пријавиле 20 кандидати, а се предложени од судот 5 кандидати, во издвоеното мислење од 5 кандидати е и тој кандидат кој сега е предложен. Значи подршката е дадена на еден дел од пријавените кандидати. Тоа, тоа  значи. Јас не знам како поинаку да го објаснам. Значи, не се предлагаат сите 20 кандидати, туку се дава листа од 5, 4 или 3 кандидати. Тоа, тоа значи. Значи издвоено позитивно мислење за определен број на кандидати. Тоа е една помала листа на кандидати кои се предложени од тој суд, матеичен, повисок, или врховен суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека повеќе нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот, Снежана Манев да биде избрана за судија во Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Снежана Манев е избрана за судија во Основниот суд во Куманово.

Отворам претрес по предлогот Муса Сулејмани да биде избран за судија во Основниот суд во Куманово.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Констатирам дека нема пријавено за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Муса Сулејмани да биде избран за судија во основниот суд во Куманово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници, со оглед на тоа што до сега при гласањето имаше повеќе од потребниот број.

Баз господинот Сарач и господинот Караџоски кои не беа присутни за време на гласањето 75 пратеници биле присутни.

Значи од присутните 75 пратеници гласале 56, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Муса Сулејмани е избран за судија во Основниот суд во Куманово.

Отворам претрес по предлогот Милчо Клишевски да биде избран за судија во Основниот суд во Охрид.

Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе,

Би сакала да кажам неколку збора за предлогот за избор на господинот Милчо Клишевски за судија за Основниот суд во Охрид.

Од 24 пријавени кандидати, позитивно мислење од Републичкиот судски совет, како предлог стигна изборот за господинот Клишевски и овде имаме една биографија која според мене зборува за една типична биографија по која треба да се движи еден правник кој сака да стане судија.

Господинот Клишевски единаесет ипол години работи во Основниот суд во Охрид, почнувајќи од волонтер, приправник, стручен соработник и т.н., напредувајќи во својата кариера во која покажал извонредни резултати. Ова го тврдам затоа што, не само од биографијата, јас доаѓам од Охрид ги познавам приликите и луѓето во Охрид. Се работи за исклучително квалитетен човк кој своите капацитети ги посветил на правосудството и мене ми е драго што денеска го имаме како предлог за судија. Меѓу другото тој најмногу работел на кривична материја и е на поздипломски студии по кривично право, што е еден плус во прилог на движењето на неговата кариера. Јас би сакала многу почесто да имаме вакви биографии за оние кои ќе се избираат, за жал во иднина Судскиот совет ќе ги избира, меѓутоа и пред нив би требало да доаѓаат вакви биографии за луѓе најпрофесионално и најодговорно си ја вршат работата и се движат кон усовршување и унапредување на кариерата.

Либералната партија ќе даде подршка за овој кандидат, респектирајќи ја биографијата, респектирајќи ги сите позитивни мислења што ги добил овој кандидат, респектирајќи го крајно и изборот на Републичкиот судски совет кој од 24 кандидати во кои не се сомневам дек аима и други квалитетни, меѓутоа ќе дадем подршка за овој кандидат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Софрониевска, ве молам да се пријавувате на време, затоа што откога ќе коснтатирам дека нема повеќе пријавени за збор и на половина збор се прекинуваме секогаш.

Им збор претседателот на Републичкиот судски совет, госпоѓата Ленче Софрониевска.

Повелете Госпоѓо Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Се сложувам со ова што го кажавте, меѓутоа јас мора некогаш да реагирам кога имам повод после некоја дискусија.

Сакам само да го информирам Собранието дека Основниот суд во Охрид во моментов е со недостаток од пет судии. Јас би го замолила Собранието да води сметка за упразнетите места во судовите, бидејќи навистина овој суд се судира со многу големи проблеми во функционирањето. Од тие причини сакам уште еднаш да ја изразам заложбата на Републичкиот судски совет овој предлог да биде прифатен од Собранието, бидејќи навистина е со голем углед овој кандидат во рамките на судот во кој што е предложен од страна на Судскиот совет да биде избран. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот Милчо Клишевски да биде избран за судија во Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 26 пратеници гласале за, 2 се воздржани, 36 се против.

Констатирам дека Милчо Клишевски не е избран за судија во Основниот суд во Охрид.

(Претседателот Љупчо Јордановски, продолжи да ја води седницата).

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по предлогот Вулнет Винца да биде избран за судија во Основниот суд во Охрид.

Молма, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и предлогот Вулнет Винца да биде избран за судија во Основниот суд во Охрид го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 78 присутни, 59 гласале, 55 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Вулнет Винца е избран за судија во Основниот суд во Охрид.

Отворам претрес по предлогот Снежана Ивановска да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Снежана Ивановска да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеници гласале, 59 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Снежана Ивановска е избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје.

Отворам претрес по предлогот Дијана Груевска-Илиевска, да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по предогот Дијана Груевска-Илиевска да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 пратеници гласале, 62 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Дијана Груевска-Илиевска е избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје.

Отворам претрес по предлогот Павлина Поповска да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и предлогот Павлина Поповска да биде избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

68 пратеници гласале, 67 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Павлина Поповска е избрана за судија во Основниот суд Скопје I – Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ивица Николовски да биде избран за судија во Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Илјаз Халими.

Повелете господине Халими.

**Илјаз Халими:** Ви благодарам господине претседател.

Сакам во однос на оваа точка да кажам неколку зборови. Јас не го познавам кандидатот кој што е предложен од страна на РСС за судија во Основниот суд во Тетово. Секако тој ги има исполнето условите, меѓутоа сакам да го ставам мојот нагласок на нешто друго. Затоа што, сите институции и органи во Република Македонија се обврзани во случај на именување или избор на кандидати, сепак, во тие институции да видат какво е опфаќањето на заедниците, националните заедници во Република Македонија, што е и обврска која што произлегува од Рамковниот договор и од Уставот.

Во судот во Тетово се вработени се на се 30 судии, 11 од нив се Албанци, 20 се Македонци и еден е Македонец муслиман. Ова кажува дека кога се говори за Тетово според националната припадност има 80% Албанци во населението и од ова произлегува дека тука не е почитувана пропорционалноста во изборот на лицата кандидати, во овој случај, за Основниот суд во Тетово. Иако, Основниот суд во Тетово, можеби Републичкиот судски совет не го има земено предвид ова од Рамковниот договор, меѓутоа и од Уставот, сепак јас мислам дека Парламентот е тој што е коректор на сите тие пропусти, било да се намерни или ненамерни и на другите институции кои што ги прават, па ние ја имаме таа поголема одговорност ова да го исправиме или да го корегираме. Имало, исто така и Албанци кои ги исполнуваат сите услови и јас не знам зошто е одбиен кога требало да се земе предвид соодветната и правична застапеност во оваа институција на судот.

Затоа, би ги замолил сите пратеници, кои секако ќе гласаат, ќе се определат дали да гласаат или не за кандидатот, значи ќе ги замолам да не гласаат и така да се даде можност на РСС уште еднаш да ги разгледа барањата на другите кандидати, во оваа прилика, првентсвено на тие што се кандидати Албанци за постепено во оваа форма да може да се почитува и опфаќањето на Албанците во согласност со Рамковниот договор и Уставот.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор. Го заклучувам претресот.

Предлогот Ивица Николовски да биде избран за судија во Основниот суд во Тетово го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека Ивица Николовски е избран за судија во Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлгоот Орце Јанковски да биде избран за судија во Основниот суд во Крива Паланка.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Орце Јанковски да биде избран за судија во Основниот суд во Крива Паланка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 72 присутни пратеници во салата, 60 гласале, 59 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Орце Јанковски е избран за судија во Основниот суд во Крива Паланка.

Отворам претрес по предлогот Весна Пајмаковска да биде избрана за судија во Основниот суд во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Нема пријавени за збор. Го заклучувам претресот.

Предлогот Весна Пајмаковска да биде избрана за судија во Основниот суд Прилеп во, го ставам на гласање.

65 пратеници гласале, 59 за, нема воздржани, 6 против.

Констатирам дека Весна Пајмаковска е избрана за судија во Основниот суд во Прилеп.

**Минуваме на точка 3 - Предлог за разрешување на судии поротници во Апелациониот суд во Штип.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски имате збор и повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Повторно доаѓаме до судиите поротници и повторно проблеми од судовите. Апелациониот суд во Штип со оваа одлука, Предлог на одлука бара да бидат разрешени судите поротници Маца и Мијалче Василеви, кои Собранието на Република Македонија т.е. ние пратениците сме ги избрале на 24.01.2005 година со решение број 07/321/1. Но, после извршениот увид во изводот од матичната книга на родените за Бистра Василева се констатира дека Маца и Мијалче се сопружници, а Бистра Василева е нивна ќерка. Бидејќи тоа се коси со членот 71 од Законот за судовите дека за судија и судија поротник не може да биде избрано лице, кое со судијата или со судијата поротник во ист суд е во сродство во права линија или во странична линија од трет степен или е негов брачен другар.

Јас сега ќе прашам, бидејќи ние ова решение го донесовме на 24.01.2005 година, веќе денес е февруари 2006 година, тој рок помина, како Апелациониот суд во Штип оваа преправка до Собранието на Република Македонија ја испраќа на 27.01.2006 година. Повторно ќе прашам дали овие судски процеси во кои овие судии поротници учествувале во текот на изборот кој што го направи Собранието, дали некој може да бара ништавна одлука, затоа што овие судии не биле меродавни да бидат во тие судски процеси судии поротници. Затоа, цела сериозност и во судските промени што допрва треба да следат и во она што се случуваше претходно, каде што имаме оставки на многу судии, судии поротници кои биле избрани во два суда, кои самите поднесуваат оставки, мислам дека имаме голем проблем. Начинот на кој ги бираме, уште едаш ќе кажам, јас се изземам од овој процес, апсолутно неодговорно се однесуваме кон оваа ситуација. Мислам дека сето ова треба да се префрли на судовите и со новите закони за судство да се најде вистинското решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, вие не можете да се изземете бидејќи дали гласавте за или против, вие гласавте и дополнително се констатира дека е во прашање конфликт на интереси. Многу добро се сеќавам на овој случај, дојде допис од Комисијата за борба против корупцијата, го препратив до надлежните институции кои предлагаат и тие ова го предложија. Според тоа, правната држава функционира, барем во некои сегменти. Благодарам.

Бидејќи нема никој друг пријавен за збор, го заклучувам претресот и предлогот Маца Василева и Мијалче Василев да бидат разрешени од функциите судии поротници во Основниот суд во Штип, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 пратеници гласале, 65 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Маца Василева и Мијалче Василев се разрешени од функцијата судија поротник во Основниот суд во Штип.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска, имате збор, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Немав намера да се јавувам, но бидејќи јас луѓето тука не ги знам, тие се од Гостивар, меѓутоа ова што во претходната точка ни се случи сега да разрешуваме некои што претходно сме ги избрале и свесно сме биле доведени во заблуда дека го кршиме членот 71 од Законот за судови. Јас набрзина извршив една проверка на предложените кандидати и овде имам презимиња кои се совпаѓаат, меѓутоа јас неможам од ов што ми е дадено како допис, да утврдам дали на пример лицата Вељановски Стефан и Вељановска Лена се сопружници или можда родители и деца. Дали Манасиевски Добривое и Манасиевски Велимир се браќа или родител и дете. Значи, од ова што го имаме како предлог, ние навистина не можеме да утврдиме дали гласајќи за ваков предлог повторно ќе постапиме спротивно на членот 71 од Законот за судиви, кој децидно вели дека судија и судија поротник неможат да бидат избрани лица, со судијата или судијата поротник во ист суд, се во сродство во прва линија или во странична линија до трет степен, или нивни брачни другари.

Бу сакала да знам дали е ова проверено па ние да гласаме со чиста совест, знаејќи дека нема да извршиме повреда на една законска одредба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сосема коректно госпоѓа Лалчевска.

Господине Мавровски, во таа линија повелете.

**Спиро Мавровски:** Уште една нелогичност што доаѓа за овие судии поротници, затоа што Основниот суд Гостивар на 24.01.2006 годинина испраќа допис до вас, до претседателот на Собранието, кој што доаѓа во Собрание на 27.01. и во самиот допис се бара: ве молиме, овој предлог да го ставите на дневен ред што поитно, поради тоа што мандатот на претходно избраните судии поротници им истече на ден 10.01.2006 година. Значи помина еден месец, судии поротници во Основниот суд Гостивар нема, без разлика дали има сега тука од овие во роднински врски или нема во роднински врски. Ние направивме пропуст цел месец, не знам зошто и не знам кој? Затоа што ова што е проследено од нивна страна Предлог за избор на судии поротници стои решение 24.01.2005 година, колку што можам да прочитам. И јас не знам сега што е причината една година да се чекало, поминало веќе еден месец, повторно немаме избор на судии поротници и повторно

идеме во истата ситуација. Не знам како судењата можат да бидат регуларни со судии кои што не биле избрани од ова Собрание. Значи крајна неодговорност и од основните и од апелационите и од сите судови. Мислам дека на овој начин апсолутно само ние пратениците се носиме во незгодна ситуација денеска некого да избереме, за утре повторно да го разрешиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски. Со вашата констатација се слагам, само нашиот дел беше реализиран итно. Штом го добивме го ставивме, другото не е наша одговорност. Чија е одговорност, тие ќе одговараат.

Господине Зуди Џелили имате збор.

**Зуди Џелили:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници. Споредба од давата претходни говорници, јас предложените оваа листа кои се вкупно 58 ги познавам добро бидејќи сум од Гостивар и моите забелешки не се во однос на конкретни имиња, но се забелешки и тоа начелни, бидејќи од 58 кандидати предложени за судии поротници, само 8 од нив се Албанци. Инаку процентуално 13,8% што значи во судот во Гостивар и понатаму продлжува дискриминацијата на Албанците кога се има во предвид фактот дека Гостивар со околината е еден од градовите кои има најголем број албанско население и тоа над 70% од вкупниот број. Дека судот во Гостивар продолжува со оваа политика, стара политика која во суштина ги дискриминира Албанците за да се спомне и фактот дека пред извесно време во Основниот суд во Гостивар се примија 12 судии, стручни соработници, од кои само 3 Албанци. Ако ги земеме во предвид овие бројки ќе забележиме дека ние никогаш не можеме да елиминираме една историска неправда која им се врши на жителите во Гостивар. Значи јас не знам како овој предлог не го имал во предвид овој факт и елемент и ценам дека би било сходно, бидејќи овде е претседателот на Основниот суд во Гостивар, овој предлог да се повлече и да се предложи нов предлог. Инаку ценам дека ќе има реакции и не придонесува на тоа што е обврска на овој Парламент и обврска на сите нас дека ќе го имплементираме Охридскиот договор и ќе го направиме соодветен опфат на Албанците во сите државни институции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Џелили.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, да кажам 2-3 збора за овој предлог. Факт е дека втор пат ни доаѓа ваков предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар.

Врз основа на информацијата која ја имам од 90 поротници, број го поседува Основниот суд во Гостивар, предлагачот има предложено 58 кандидати. Причините за тоа зошто не се одело со потполн број поротници се токму поради непријавувањето на кандидатите албанци на конкурсот кој беше отворен и траеше месец дена.

Во оваа насока сакам да нагласам дека е повеќе од вистина дека на оваа листа од вкупно 58 предложени бројот на албанците е околу 12 или 13, сепак сите кандидати албанци кои се пријавиле се примени, ниту еден кандидат албанец не е одбиен, сме направиле максимални напори да најдеме кандидати, сепак, за жал, поради дневниците, претпоставувам, интересот бил мал.

Сакам да нагласам уште еднаш дека постојат некаде 40-45-46 слободни места, не сум сигурен, ценам дека ќе биде добро на конкурсот кој ќе биде објавен, забелешките на претходниот колега, но и моите забелешки, претседателот на Основниот суд на Гостивар да ги има во предвид и листата која ќе следи, се надевам набргу, да направи се што може во неговите можности, да има друг изглед.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Можеби деловничка интервенција, овде имаме предлог од Основниот суд на Гостивар на кој е потпишат претседателот на Основниот суд. Јас навистина не знам дали според деловникот е овластен предлагач.

**Љупчо Јордановски:** Да, да.

**Ристана Лалчевска:** Според кој член?

**Љупчо Јордановски:** Според Законот за судовите. Предлагачи за поротници се претседателите на судовите.

**Ристана Лалчевска:** Тоа го нема во нашиот Деловник затоа побарав.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не може да биде решено, на пример, во нашиот Деловник регулирано е дека Републичкиот судски совет ги предлага судиите. И РСС во нашиот Деловник не е спомнат дека ги предлага судиите, па ги предлага, по закон.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот и Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 58 гласале, 52 за, 4 воздржани, 2 против.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Гостивар се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на Одлука за основање на Совет на Собраниский канал.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од кои 59 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал.

**Минуваме на точка 6 - Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Халими.

**Илјаз Халими:** Благодарам господине претседателе.

Јас се согласувам со основањето на Советот на Собранискиот канал, но, сега кога се говори за составот на членовите и замениците членови на Советот на Собранискиот канал имам забелешка бидејќи од 15 предложени нема ниту еден од редовите на ДПА.

Јас знам  дека ќе се оправдате со тоа дека ДПА апстинираше од работата на Парламентот, но и покрај тоа, Комисијата за избори и именувања завчера имаше седница, ги утврди овие членови, што значи дека претходно се знаеше дека ние ќе се вратиме во собраниската работа и поради ова требаше да се има предвид една опозиција како што е ДПА, најголемата албанска опозиција во Парламентот, но треба да се опфати со членови и заменици во рамките на Советот на Собранискиот канал.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Халими, колку што сум информиран ако вие не мислите за нас, ние мислиме за вас. Има слободни места и вие да дополните, бидејќи вие денеска дојдовте. Дополнително вашите двајца или не знам колку се членови ќе бидат предложени и ќе бидат поминати овде. Мислевме ние и за тоа, за жал, вие денеска дојдовте, не бевте информирани.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Мене ми објаснуваше претседателот на Комисијата во што е проблемот, добро е и овде да го објасни, фактички во овој предлог единствена пратеничка група која нема кандидат, нема предложен член е пратеничката група на Либералната партија.

Не ми е јасно зошто е тоа, мене ми е јасно, ми објасни и рече дека ќе се исправи, но не е лошо, тој е надлежен да го објасни, само тоа сакав да забележам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Петров.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе, јас сметав дека немаше потреба да земам збор по овие прашања заради тоа што на одреден начин и вие ги објаснивте, нормално е да се јавуваат прашања кога станува збор за персонални, посебно кадровски прашања, но во секој случај, барем во конкретниот случај колегите од формален аспект, забелешката е таа што е, дека треба да имаат членови во тоа нема дискусија, дека немаат предложено членови, немаат, но останува фактот дека ние како Комисија уште во текот на ноември, од договорот со координаторите после 4 декември со некои условно, но посебно и писмено се имаме обраќано да добиеме членови, но до вчера, веќе сме февруари, немаме добиено членови. Според тоа, нема дилеми по тој дел дека кандидаатите од Либералната партија треба да имаат членови, а истовремено и кандидатите на ДПА, како што рековте, ние оставивме место и денеска не го бираме целиот состав на тој канал. Мислам дека ова објаснување е сосема доволно, отворени сме за наредната седница ќе го докомплетираме составот на Советот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов, имате реплика на ова?

**Стојан Андов:** Не е реплика, само толкување, има настапено куршлус, ние не добивме писмено известување дека треба да дадеме кандидат. Сега имаме и ќе го сториме тоа.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема друг пријавен за збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, од кои 63 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови и нивни  заменици на Советот на Собранискиот канал.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална соработка.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Одлукатата.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника од кои 63 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Денеска ја добивме Предлог одлуката пред почетокот на оваа седница и во одлуката стои за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Во ставот 1 од оваа Одлука се разрешуваат досегашниот претседател и членовите на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски" поради истекот на времето за кое се именувани.

Јас би сакал од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија која го дава овој Предлог, а кој ние како пратеници треба да го изгласаме. Дали се работи за невнимание или се работи дека македонската јавност со секоја должна почит кон господата кои повторно се избираат, дали заслужиле да бидат прво разрешени, па после тоа да имаме повторно назначување. Дали е тоа грешка, дали тоа доаѓа од Комисијата за култура или не знам за што се работи, сигурно дека капацитетот на Република Македонија во однос на она што значи академици, што значи професори, доктори во сите овие области дека ги имаме и премногу за да можеме во една комисија од 12 луѓе да имаме повторно избор на 6 од тие кои претходно биле избрани.

За што се работи, јас уште еднаш ќе кажам, апсолутно немам ништо против господата што повторно се бираат, но начинот на кој се бираат и начинот на кој се донесува сето ова, мислам дека на самите нив не им прави она што треба да го добијат како награда и заслуга да бидат членови на една ваква Комисија.

Еве конкретно како пратеник ќе си дозволам да ја прочитам Комисијата која е разрешена и Комисијата која е назначена. Не знам господине претседател бидејќи истото ова се однесува и за наредната точка каде повторно имаме именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври", па ќе си го задржам правото да го објаснам и тоа ...

**Љупчо Јордановски:** По право на повторен избор.

**Спиро Мавровски:** Без разлика господине претседателе, се работи за 12 луѓе, од нив избираме повторен избор 6. Мислам дека Република Македонија има капацитет, има луѓе кои можат тоа да го направат.

Значи, во оваа ситуација се разрешуваат академик Ѓорѓи Старделов, Димитрие Османли, Петре Муличковски, Мила Ефтимова, проф. д-р Миодраг Врчаковски, Салаетин Билал, Богомил Ѓузел, Петар Бошковски и Александар Цветковски. Со реизбор, како што кажавте, за уште наредните две години се назначуваат: проф д-р Џевад Гега, албанолог, господинот Иван Ивановски, театарски критичар кого го ценам посебно и господинот Александар Џамбазов.

Значи, од овој состав господинот академик Али Алиу веќе станува член на Комисијата за избор на наградата "11 Октомври", а они што се назначуваат како што кажав од 12 луѓе од ови имаме тројца реизбрани господинот Александар Џамбазов, Иван Ивановски и проф. д-р Џевад Гега.

Нови членови стануваат академик Томе Серафимовски, академик Бојан Шоп Трајанов и проф. д-р Владимир Борозанов кои досега беа во Комисијата за доделување на наградата "11 Октомври".

Понатаму, проф. д-р Јорго Бабушко, доцент д-р Маја Бојаџиевска, Симеон Шемов, Милка Ефтимова, Бајруш Мјаку и Јагода Сланева.

Апсолутно мислам дека Република Македонија, посебно се обраќам до Комисијата, не знам дали Предлогот на Министерството за култура, Комисијата за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија има можност да го контролира или да има поголем предлог на кандидати со кои Комисијата ќе може да ги одреди оние кои треба да бидат во оваа нова Комисија. На овој начин мислам дека едноставно се прави една непотребна, како што кажавте непотребен реизбор на луѓе кои на овој начин апсолутно утре некој ќе ги прозива.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Немаме пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од кои 58 за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе, сепак на време се јавив, вие не заклучивте дека нема пријавени за збор и би требало претходно да погледате дали е така.

Јас се јавувам во врска со оваа точка, меѓутоа, мојот коментар се однесува и на претходната точка, но сосема спротивна насока во однос на дискусијата на господинот Мавровски.

Имено, воопшто не сакам да навлегувам во составот и во предложените решенија заради тоа што станува збор за исклучителни личности во своите сфери кои дале голем придонес во Република Македонија...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Славице, мислам дека не реплицирате, туку изјаснете се по составот на наградата "11 Октомври".

**Славица Грковска:** Господине претседателе ако внимателно ме слушате ќе видите дека токму тоа го правам ...

**Љупчо Јордановски:** Слушам внимателно.

**Славица Грковска:** Меѓутоа, сакам да укажам дека треба да се има во предвид функцијата и улогата што овој Одбор треба да го има за да може овој Одбор да ги разгледа сите претставки што доаѓаат до него да може да одлучува релевантно. Сепак сметам дека како членови на овој одбор треба да има претставници од сите општествени дејности за да може да има правилна проценка на сите оние научници кои во извесен период работеле во својата област и сметаат дека е потребно да се здобијат со ваква награда.

Веќе втор пат ни се случува составот на овој Одбор да биде исклучиво од сферата на општествените науки не во поширока смисла, туку само строго определена категорија на членови. За тоа сакам да укажам на Министерството за култура во иднина треба да има во предвид дека во овој Одбор како и во претходниот треба да има членови кои ги покриваат сите научни дисциплини, сите општествени дејности, можеби треба да размислиме како пратеници доколку тоа претставува проблем да се направи такво нешто од страна на Министерството за култура, тогаш да одиме со измени на Законот за републички награди и да размислиме кое тело би било порелевантно за покренување на иницијативи и за предлагање на еден состав на Одборот за доделување на овие награди.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, збор или реплика?

Повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, јас не сакав да се јавам за збор, бидејќи претходното гласање заврши со 58 гласа за, мислев дека ќе биде излишно, но дискусијата на мојата колешка ме поттикна уште еднаш, еве и се заблагодарувам, дека одиме во иста насока на она што треба да биде бирано. Уште еднаш Република Македонија посебно научната и културната јавност има голем капацитет и тие луѓе треба да ги бираат луѓе од фелата затоа што на овој начин предложени само од Министерството за култура доаѓаме во ситуација Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија треба да биде таа што ќе каже амин. На оваа листа, како што кажав, за нови членови или стари членови не знам зошто се разрешуваат, ценетата актерка од Битолскиот народен театар Јоана Поповска и проф. д-р Али Алиу писател.

Значи, имаме двајца луѓе кои се реизбираат и останатите, јас им посакувам среќна работа и правилен избор затоа што се работи за големи републички награди кои навистина треба да дојдат до правите луѓе кои ја заслужуваат и ја задолжуваат Република Македонија.

Затоа уште еднаш ќе побарам да се најде начин како луѓето или да имаме избор од неколку луѓе во таа Комисија, која што ја прави Собранието на Република Македонија, да може да ги избере оние правите. Од изборот три академици, можеме да избереме еден или двајца.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претрестот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 59 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на Одлука на огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 68 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на Одлука за огласување на избор на судии на Апелациониот суд во Битола**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучлувам претресто и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 12 - Предлог на Одлука за огласување избор на судии за Основните судови во Скопје 1 - Скопје, Охрид и во Битола**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресто и Одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 13 - Предлог за избор на заменик народниот правобранител**

Предлогот за избор на народниот правобранител ви е доставен.

Ве потсетувам согласно Законот за народниот правобранител, Собранието избира заменик на народниот правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што, мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да отворам претрес, ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи на кандидатот тоа му должиме најмалку.

Отворам претрес по Предлогот Трипун Танушевски да биде избран за заменик на народниот правобранител.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трипун Танушевски да биде избран за заменик на народниот правобранител, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеника, 74 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Констатирам дека од вкупно 30 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за Предлогот гласаа 22 пратеника, нема против, нама воздржани.

Констатирам дека Трипун Танушевски е избран за заменик на народниот правобранител.

На избраниот заменик на народниот правобранител, му го честитам изборот и му посакувам успех во работата, а утре или задутре да даде свечена изјава.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите и дописите на работните тела на Собранието и милењата на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Стојаноски, имате збор. Повелете.

Се извинувам господине Стојаноски, предлагачот има право.

Кој е овластен предлагач, нека се изјасни.

Кој во име на предлагачот сака да зборува.

Договорете се. Кој во име на предлагачот ќе зборува. Предлагачи се Славица Грковска, Аднан Јашари, Кенан Хасипи и Роза Топузова Каревска.

Кој сака да зборува во име на предлагачот?

Повелете госпоѓо Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Утре ќе ја соберам целата моја поблиска и подалечна фамилија, ќе ги викнам соседите, а можеби ќе им се јавам и на најблиските пријатели и ќе им понудам да ме придружат во мојот мирен протест.

Ќе ја блокираме заедно улицата пред Владата, а јас ќе побарам средба со Бучковски, за да му ги изнесам моите легитимни барања и да го искажам мојот протест, против протестите. Ќе продолжам потоа пред Собранието и ќе истакнам транспарент, што сакам да го видат не само пратениците, туку и шефот на државата.

Маршутата ќе ја завршам пред Врховниот суд, но сепак, добро ќе подразмислам, дали да застанам тука, или, мојата верна дружина ќе ја однесам на нова авантура, да блокираме некој граничен премин: Деве Баир, Табановце, се уште не сум решила. На сите ќе им кажам в лице, дека не може некој да ги остварува своите права преку кршење на моите права и слободи, како и на илјадници други како мене. И јас како секој граѓанин на оваа земја имам право на слободно движење, на непречена приватна сопственост, на заштита на моето достоинство и углед. Затоа барам надлежните фактори итно да ме заштитат од нервозите од сообраќајниот метеж, предизвикани од секојдневните собирања и митингувања. Верувам во моите легитимни барања ќе наидам на разбирање од болните и нивните семејства, кои имаат проблеми како да стигнат на лекар, од учениците кои доцнат на училиште, од вработените кои добиваат казни од шефовите, од бизнисмените кои можат да барат оштета за загубената добивка. Од сите оние на кои еден загубен лет, пропуштена средба или шанса, можеби ќе им го промени животот.

Затоа, барам подршка од сите оние разбрани луѓе, кои не мислат дека уличната демократија значи апсолутна и неограничена слобода, која е многу блиску до анархија.

Некој може да ме обвини дека сум против членот 21 од Уставот, кој дозволил граѓаните да можат мирно да се собираат и да го изразуваат својот јавен протест дури и без дозвола и без претходно пријавување. Некои злобници, можеби погрешно ќе сфатат дека се залагам за тоталитаризам. Тоа, не само што е далеку од вистината, туку е нотарна лага. Јас во голема мера ги разбирам

мотивите на тие што се одлучиле на ваков начин да го свртат вниманието кон себе и своите проблеми. За оние барања, кои мислам дека се оправдани, дури и сочуствувам со маките на несреќните луѓе, кои на топлото сонце се изложени со часови и попусто чекаат некој да ги прими. Но, сакам да се уважат и моите права, исто како на оние луѓе, кои имаат право на мирни протести, на блокирање на улиците и автопатите. Свесно ќе го превземам ризикот да бидам погрешно сфатена, и нема да бидам кукавица, која се крие зад строгите уставни норми, кои се читаат буквално, само за да се заштити сопственото право, дури кога тоа значи загрозување на нечие туѓо право.

Да немаме забуни, ова е само еден дел од Колумната на госпоѓата Гордана Дувњак, објавен во септември минатата година и се одлучив на овој начин да го започнам моето излагање за предложените денешни измени, затоа што сметам дека граѓаните на Македонија имаат право да слушнат дека и оној дел од граѓаните, кои што не се политичари, сепак, ги подржуваат измените кои што денеска се предлагаат. Затоа што сметам дека е одлична слика на она што денеска можеме да го наречеме наше секојдневие и затоа што дава одлична слика и на причините, заради кои што треба да се донесе овој закон, како и на коментарите поврзани со него. Никој, повторувам никој, нема право да го оспори правото на јавен протест, исто како што никој, и повторно ќе повторам, никој, нема право да го оспори и спречи исто така, уставното загарантирано право за слобода на движење.

Република Македонија  можеби има еден од најлибералните и најдемократските устави, во однос на правото на граѓаните на јавни протести. Сепак, тоа право не смее да се злоупотребува и во име на барање на некои права, да се ограничуваат правата на другите.

Токму затоа, во нашите предлози предвидовме, правото на граѓаните на мирно собирање да може да се оствари на начин со кој мирно ќе го изразуваат јавниот протест и притоа, нема да се ограничува правото на граѓаните, кои не учествуваат на јавниот собир на слободното движење и другите права утврдени со Уставот на Република Македонија.

Понатаму, јавен собир, заради мирно изразување на мислења и протест да може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош и го нарушува мирот на болните, до детски градинки и училишта, додека децата претстојуваат во нив и на автопати и јавни патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај. Овие измени, практично, претставуваат балансирање од една страна на правото, на уставно загарантираното право на јавен протест, од друга страна на уставно загарантирано право на слобода на движење.

Јас не можам да најдам човек што може да има против јавните протести да не се одржуваат на начин што ќе оневозможат пристап на возила на брза помош, на начин со кој ќе ги вознемируваат болните. Исто така, не можам да најдам човек, кој што ќе се согласи да се одржуваат јавнио протести во близина на градинки, училишта, додека се децата внатре.

Искуствата во другите држави, покажуваат дека се ретки официјалните институции кои прифаќаат да разговараат под притисок на улица. Искуставата и од другите држави покажуваат дека со блокади на сообраќајниците, речиси, никогаш не се постигнало ништо, туку напротив, се се решава преку разговори со надлежните институции. Меѓутоа, тоа е единствено така, доколку протестите кои почнуваат заради одредена причина, не добиваат сосема друга димензија подоцна, особено, ако одредена политичка партија процени дека може да профитира, дека може да поентира и да ги искористи за зголемување на својот партиски рејтинг. Тогаш веќе зборуваме за манипулација, тогаш веќе зборуваме за профитирање врз маката на луѓето. И тоа е демократија. Меѓутоа, во име на демократијата не може и не смее да се дозволи анархија. Не дозволиво е луѓето да не можат да стигнат на работа и со тоа да губат дневници. Недозволиво е заради тоа работодавците да имаат и да претрпуваат огромна економска штета. Недозволиво е брзата помош да не може да стигне на време до местото, каде што на некого толку многу му е потребно. Недозволиво е да нема слободен пристап до болниците, зашто зборуваме за човечки живот. Едноставно, невозможни се целосни блокади во функционирањето на секојденвниот живот и предизвикување комплетен метеж, нетрпеливост, малтретирање, нервози и други реакции, па дури и од оние граѓани, кои што ги подржуваат и се согласуваат со причините на протестот.

Организаторите на протестите, треба да бидат спремни јавно да дебатираат и да ги убедат граѓаните дека се во право, преку размена на аргументи со оние со кои што не се согласуваат, а не кукавички да се кријат, давајќи погрешни изјави за јавноста.

На крајот на краиштата, организаторите треба да знаат дека организирањето на протести, не е само право, туку повлекува и должности и голема одговорност. И тоа не само во согласност со постоечкиот закон за јавни собири, туку и во согласност со Меѓународната конвенција за заштита на човековите права и слободи.

Организаторите треба да знаат дека согласно член 7 од постоечкиот закон за јавните собири, организаторот на јавниот собир е должен да ја надомести штетата, евентуалната штета што ќе настане при одржување на јавниот собир.

Затоа, јавно ги повикувам сите оние, кои што заради протестите, почуствувале дека се оштетени, да бараат да го искористат ова право

од овој член од законот и да бараат од организаторот да им се надомести штетата, затоа што согласно овој закон, организаторот е должен тоа да го направи.

Можеби за организаторот и нема да биде проблем надоместувањето на финансиската штета, особено ако позади себе како патрон има и дотична политичка партија. Но се прашувам, како организаторот ќе ја надомести штетата на сите оние фамилии кои изгубиле близок и драг член на нивната фамилија. Само заради не можноста брзата помош да стигне навреме заради блокадите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван колега Најдовски, почитувани колеги пратеници.

Се надевам дека уживавте во еден добар говор кој се однесуваше на што се преставува последица на нефункционирањето на институциите, кои што треба да го почитуваат важечкот закон за јавни собири. Меѓутоа, јас сакам да тргнеме со ред. Да биде јасно на овој Парламент дека единствена цел на овој Предлог за донесување на ваков закон не е решавање на проблемите, туку оневозможување или ограничување на правото на јавен протест, вклучувајќи го и правото на јавно изразување на мислата, односно правото на говор.

Ќе тргнеме од Уставот на Република Македонија, она што беше спомнато во излагањето, а тоа беше членот 21 кој вели: "граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола". А што се вели во овој Закон, знаете и сами, дека се ограничува во случаи вакви, такви, онакви. Значи, без ограничување и без посебна дозвола кое што исто така во овој закон стои дека е неопходно да добие од страна на МВР 48 часа пред одржувањето на јавниот собир. Значи, целосно во спротивност со членот 21 став 1.

Ставот 2 вели вака:"користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба". Јас се согласувам со вас дека во Република Македонија состојбата е вонредна, меѓутоа не е до толку да носите ваков закон со кој што ќе го ограничувате правото на јавен собир. Понатаму, во Кривичниот закон во членот 155 стои дека кривично дело претставува и најобично сметање на одржување на јавен протест, односно на остварување на правото на јавно собирање. Во членот 156 од Кривичниот закон исто така стои: казниво дело кое се однесува на ограничување на правото на штрајк, затоа што и тоа претставува еден вид на остварување на правото на јавно собирање.

За да го обезбедите континуитетот ова право беше предвидено уште во едно друго време за кое што сега се носеше Резолуција во Советот на Европа, а тоа значи уште во Уставот на тогашна СФРЈ од 1974 година стои: гарантирано е правото на јавно собирање, кое што сега вие го ограничувате, велејќи дека ние живееме во едно демократско општество каде демократијата претставува основна цел кон која што треба да се стреми македонското општество.

На 21 јули 2005 година колешката Славица Станковска поднесе закон со иста содржина до овој Парламент. Во него беа буквално истите решенија кои што се предлагаат сега. На тие решенија колешката Станковска поднесе амандмани и врз основа на дискусијата која што се разви се дојде до гласање по тој Предлог-закон пред кое гласање даде мислење Владата на Република Македонија на чело со тогашниот и сегашниот премиер господинот Владо Бучковски. Значи, јас само ќе ви прочитам тоа што ви го кажа во своето мислење Владата на Република Македонија составена од сегашните коалициони партнери СДСМ, ДУИ и ЛДП и предводена од сегашниот премиер господинот Владо Бучковски. Тој вели: Владата на Република Македонија на седницата одржана на 21 јули 2005 година го разгледа Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавни собири, со Предлог-закон, поднесен од пратеникот Славица Станковска и притоа го утврди следново мислење. Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати по меѓународното право и утврдени со Уставот.

Согласно членот 16 став 1 од Уставот на Република Македонија се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Слободата на мислата Уставот ја определува како апсолутно право на човекот без ограничување. Согласно ставот 2 од истиот член се гарантира слободата на говорот и јавниот настап. Наведеното значи право на човекот да може јавно да ги изнесе своите погледи и мислења. Правото на говор и јавно настапување не може да се ограничи по било кој основ освен врз основа на основ предвиден со Уставот.

Во членот 21 од Уставот утврдено е дека граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на правото од ова право може да биде ограничено единствено во услови на воена и вонредна состојба. Уставот на Република Македонија утврдува конзистентен систем на заштита на слободите и правата, односно нивна гаранција. Согласно членот 54 став 1 од Уставот: слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени во Уставот. Ограничувањето на слободите и правата согласно ставот 4 од истиот член покрај останатото не може да се однесува на слободата на уверувањето , на совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста. Оттука произлегува дека со закон не може да се ограничи правото на јавно собирање, односно

граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола, при што ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба, ниту пак да се ограничи слободата на говорот, бидејќи овие права се загарантирани со Уставот на Република Македонија и можат да се ограничат само со Уставот.

Забраната за повикување и поттикнување на војна, употреба на насилство, национална, расна, или верска омраза, или нетрпеливост е обезбедена со Уставот на Република Македонија според кој забрането е дејствувањето на граѓаните да биде насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување, или повикување на воена агресија, или разгорување на национална, расна, или верска омраза, или нетрпеливост. И со Кривичниот законик со кој се предвидени кривични дела во делот: кривични дела против државата. Имајќи ги предвид наведените уставни одредби, а со оглед на фактот што одредбите на предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за јавни собири имаат за цел ограничување на правото на јавно собирање, како и пропишување на должност за претходно пријавување на јавниот собир, Владата смета дека одредбите од членовите 1 и 4 од предметниот закон не се во согласонст со Уставот од причина што согласно одредбата на членот 51 од Уставот во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот и секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Имајќи го предвид наведеното укажуваме дека предложените одредби на законот не се во согласност со Уставот на Република Македонија. Владата му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавни собири предложен од пратеникот Славица Станковска. Претседател на Владата на Република Македонија доктор Владо Бучковски.

Ова сакав во целост да ви го прочитам затоа што не знам што се случи во овие 5 месеци. Владата која што на 21 јули оваа година даде мислење со кое што укажува на тоа дека законот за измена на Законот за јавни собири не е уставен, сега наеднаш вели дека, со потпис на истиот премиер, на истата оваа Влада на Република Македонија, дека Владата на Република Македонија му предлага на Собранието да го прифати предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за јавни собири, со Предлог-закон, предложен од група пратеници со амандманите што ви се доставуваат во прилог. Значи, за 5 месеци имате дијаметрално спротивни ставови во однос на уставноста на овој закон кои што ги дава Владата на Република Македонија која што е најодговорен орган на извршната власт во Република Македонија.

Значи, не е само Владата толку неконзистентна во овој дел. Парламентарното мнозинство на 31.08.2005 година во Собранието на Република Македонија се спроведе гласање по однос на овој закон. И на тоа гласање за гласаа 5-мина, воздржани имаше 5-мина и против имаше 47 пратеници во Собранието на Република Македонија од вкупно 57 кои гласале. Затоа јас ќе ве повикам да бидете само доследни на ставовите кои што сте ги имале пред 5 месеци, ништо повеќе. Не може пред 5 месеци да имате еден став по однос на уставноста на овој закон, по однос на ова прашање, а после само 5 месеци при никаква непроменета состојба целосно давате поддршка на сосема идентичен предлог за кој што претходно сте гласале против. Не сакам поименично да ве потсетувам кој како гласал. Се надевам дека секој знае како се изјаснил на 31.08 минатата година. Затоа сметам дека основно прашање кое што се појавува со поднесувањето на овој предлог за изменување и дополнување на законот за јавни собири не претставува подобрување на ситуацијата која што ја имаме и во Скопје и во Републиката, туку напротив, создавање на услови и можност Владата за да може на еден индиректен начин да го спречи одржувањето на вакви јавни собири. Зошто го зборувам тоа? Затоа што со овој закон не се решава ниту прашањето за продажба на Електростопанство на Македонија, ниту проблемите со кои што се соочуваат земјоделските производители, производителите на тутун, производителите на грозје, производителите на жито, на ориз и т.н., туку само се забранува нивното собирање и јавното искажување на нивниот револт од неспособноста на оваа Влада да ги реши нивните проблеми. Зошто го зборувам ова, ќе го аргументирам со Законот за јавни собири кој што е донесен во 1995 година и кој што е се уште важечки, за кој што се водело сметка при неговото донесување да биде во целост во согласност со членот 21 од Уставот на Република Македонија. Затоа во членот 3 од овој закон за јавни собири стои дека, известување може организаторот да поднесе до МВР за одржување на јавниот собир и мерките што се преземени за неговото одржување и тоа: целите на одржувањето на јавниот собир, местото и времето на одржувањето, организаторот на јавниот собир, мерките што организаторот ги презел во врска со непречено организирање и одвивање на јавниот собир и податоците за организираање на редарската служба. Во членот 4 е решено прашањето кое што толку многу сега се залага СДСМ да го реши, а кое што има можности да го реши согласно овој закон и во него се вели: заради заштита на правата на граѓаните, значи зборуваме за сите права на граѓаните, вклучувајќи го и правото на движење, нормалното одвивање на сообраќајот, снабдувањето на населението со лекови, храна, гориво и слични неодложни потреби, како и заради почитување на обврските од меѓународни договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба. Доколку организаторот побара, а МВР определи

обезбедување на одржувањето на редот на јавниот собир да го врши полицијата, трошоците за тоа обезбедување ги поднесува организаторот. Организаторот е должен да го прекине одржувањето на јавниот собир ако дојде до загрозување на животот, здравјето , безбедноста и личната сигурност на луѓето и имотот. Во случаите од претходниот став, организаторот е должен веднаш да го извести МВР. И она што е многу важно, тоа е членот 6 кој што се однесува на постапувањето на МВР преку кое министерство Владата на Република Македонија е таа која што може да обезбеди непречено остварување на правата на останатите граѓани без притоа да употреби насилни мерки за спречување на правото на јавен собир. Затоа единствени основи во кои што е наведено дека МВР ќе го прекине одржувањето на јавниот собир е во случаите кога истиот е насочен кон загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните. Значи, доколку овој собир не биде мирен како што е предвидено во членот 21 од Уставот и доколку преку тој собир се случува насилство и загрозување на животот, здравјето, безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните. Потоа доколку е насочен кон вршење, или поттикнување на вршење кривични дела утврдени со закон и доколку е насочен кон загрозување на животната средина. Министерството за внатрешни работи ќе го прекине одржувањето на јавниот собир во случај кога неговото одржување е во спротивност со меѓународните договори со кои е предвидена обврска за непречено одвивање на сообраќајот. Дали ова не значи целосно регулирање на овие прашања кои што сега се предлага да се регулираат. Овие прашања се регулирани уште во далечната 1995 година и досега немало случаи во кои што се осудила било која влада која што била во овие 11 години на власт во Република Македонија да предложи укинување или ограничување на правото на јавно собирање на граѓаните на Република Македонија.

Од друга страна прашањето е зошто сега и зошто парламентарното мнозинство толку беше агилно па од итноста која што произлезе за ставањето на оваа точка на дневен ред дојде и итноста во однос на поставувањето на прва точка после кадровските прашања кои што се решаваа на оваа седница. Значи, итноста на постаувањето на оваа точка на дневен ред произлегува од тоа што Владата на Република Македонија не можејќи или несакајќи да се насочи кон решавањето на проблемите кои што довеле, или причините кои што довеле до вакви собири сака набрзина да провне закон кој што ќе биде во интерес барем до одлучувањето од страна на Уставниот суд на Република Македонија по однос на овој закон кој што треба владеачкото мнозинство да го изгласа, да биде ослободено од притисоците кои што ќе ги прават граѓаните по различни основи преку остварувањето на нивното право на јавно собирање, со тоа што во тој закон наведува дека МВР ќе биде тоа кое што ќе треба да дава одобрение за одржување на тој јавен собир на определено место, дека тоа место не треба да бидат оние места за кои што се зборуваше прехотно, детски градинки, болници и т.н. А ние сите знаеме дека досега нема одржано таков собир кој што е насочен кон нарушување на реализацијата на основните права на живот и на здравје кои што произлегуваат од функционирањето на овие институции. И на тој начин сметам дека единствена цел која што ја има Владата на Република Македонија во овој момент е да изнајде начин на кој што индиректно ќе го ограничи одвивањето на јавни, остварувањето на правото на јавен собир во Република Македонија.

Друго интересно прашање кое што се поставува е тајмингот зошто сега? Зошто истиот СДСМ пред 15 септември кога беше толку загрижен за правата на граѓаните на Република Македонија , односно остварувањето на тие права, не предложи донесување на еден ваков закон, туку тоа го прави сега кога реално се соочува со вакви јавни протести на граѓаните на Република Македонија. Тоа може да го одговорат сигурно оние кои што ќе зборуваат во име на СДСМ. Меѓутоа јас сметам дека ова е резултат на нереализираните ветувања на СДСМ од изборната кампања 2002 година, кумулираното незадоволство од страна на граѓаните на Република Македонија, затоа што тие се доведени на работ на егзистенцијата, степенот на сиромаштија постојано расте, се соочуваат со проблеми во областа на здравствените услуги, во сите оние области кои што претставуваат нормално функционирање и живеење на едно семејство. Затоа предлагањето на овој закон и се случи преку група од неколку пратеници во Собранието на Република Македонија, а Владата на Република Македонија не се осмели, не се осуди самостојно да се појави како предлагач на овој закон пред ова Собрание.

На крајот, дали Владата со ова признава дека само на овој начин може да ги држи конците, или да има контрола врз случувањата во Република Македонија, затоа што остварувањето на правото на јавен собир слушаме дека се поврзува со датум на избори, се поврзува со одржување на избори што апсолутно нема врска со мотивите за одржување на овие јавни собири, а тоа е прво и основно обезбедување и решавање на проблемот на тутунопроизводителите, во однос на цената на тутунот, во однос на оние проблеми кои што придонесоа за блокирање на патиштата и создавање на така силен револт кај граѓаните на Република Македонија. Од друга страна непочитувањето на Законот за јавни собири кој што е важечки доведе до насочување на граѓаните едни на други, односно едно големо мнозинство на граѓани кои што со право се однесуваат револтирано кон неможноста да ги реализираат нивните основни животни потреби, го ставаат како една ситуација која што тлее и која што може да доведе до непријатни

инциденти кои што ќе ги насочат граѓаните едни на други да бидат насочени кон решавањето на проблените со кои секојдневно се соочуваат и со кои бараат Владата на Република Македонија да ги реши за нив.

Сметам дека единствен начин за решавање на оваа состојба не е расправање за ова прашање, не е поднесување на измени и дополнување на закон затоа што многу измени, многу дополнувања и многу закони донесе ова Собрание, колку од нив се применуваат чувствуаат граѓаните на Република Македонија, туку она што претставува обврска и одговорност на Владата на Република Македонија, а тоа е реализација на обврските кои произлегуваат од посстојнит закон за јавни собири, за кои, уште еднаш ќе наведам, децидно е наведено што се може Владата да преземе во смисла на обезбедување на лична сигурност, сигурност на животот и имотот на луѓето, на нивното здравје, на нивната сигурност. Оттука, сметам дека доследноста и сериозноста во пристапот кон ова прашање не треба да биде иманентна недоследноста која ја имаше оваа Влада во однос на почитувањето на предизборните ветувања од 2002 година, туку напротив треба цврсто да застане зад своето мислење кое го потпиша премиерот на Владата, господинот Бучковски во јули месец минатата година и да го потврди она што претставува став на Владата дека постојнит закон за јавни собири е сосема уставно поткрепен и тој нема потреба да се менува затоа што неговото менување во правец на ограничување на правото на пријавен собир значи директно поништување на членот 21 од Уставот на Република Македонија .

Сметам дека тоа е доволно како аргумент. Оној на кој му е малку мислењето потпишано од премиерот на Владата на Република Македонија, кој истовремено е и претседател на СДСМ, пред пет месеци, ако не му е доволно во однос на тоа дека овој закон не е уставно заснован и ако не е доволно се она што го наведов и ако не е доволно мислењето, на мнозинството пратеници прет пет месеци на овој Парламент, јас не знам што повеќе да аргументирам. Тогаш правете така како што мислите иако на тој начин признавате дека сте само гласачки копчиња кои почитуваат директиви од некаде, а не држите еден став во континуитет кој треба да значи почитување на Уставот на Република Македонија .

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** За реплика се јавија госпоќа Славица Грковска и господинот Јани Макрадули.

Три минути реплика за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господинот Стојаноски заврши со членот 21. Јас ќе почнам со членот 27 од Уставот на Република Македонија каде се вели: "Секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Република Македонија  и слободно да го избира местото на своето живеалиште".

Ставот 3 вели: "Остварувањето на овие права може да се ограничат само со закон и тоа единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Репубилката, водење на кривична постапка и заштита на здравјето на луѓето".

Значи како што се повикувате на членот 21, што никој не го спори, за правото на секој граѓанин за јавен протест, тогаш во исто време треба да се почитува и да се повикувате на членот 27 за правата на слободно движење на граѓаните на територијата на Република Македонија.

Никаде во предложените измени на Законот нема да најдете ниту еден збор со кој се вели дека се забрануваат протестите. Во ниеден дел нема да сретнете дека на некој граѓанин му се вели дека не може да протетира. Тоа претставува забрана и ограничување на правото на протест, ако јас на вас ви речам и уредам со закон дека вие не можете да протестирате. Меѓутоа, ако и определите само две-три места и тоа само под определени околности, доколку влезот на болниците е блокиран, доколку се блокирани патиштата, магистрални, на начин на кој ќе се оспори правото на движење на останатите граѓани, до колку во градинките и во училиштата има деца, тоа не е забрана на правото на протест.

Да ве исправам. Не е тоа што Владата треба да го преземе во основниот закон. Она што организаторот е должен да го преземе. Организаторот е должен да обезбеди редарска служба, а доколку побара од МВР, тогаш МВР треба да обезбеди одржување на јавен ред. Што се случува на римег кога организаторот не го прави тоа? Што на пример, ако станува збор за неплочитување на член 4 став 3 од основниот закон каде вели - организаторот е должен да го прекине одржувањето на јавниот собир ако дојде до загрозување на животот и здравјеето, безбедноста и личната сигурност налуѓето и имотите.

Подпаролката на "Гласот на светлината" вели - ние ќе продолжиме со протестите без разлика, нас нема да не спречат ниту револтот на граѓаните, ниту нивните барања за слободно движење. Што е тоа, демократија или анархија, или класично непочитување и кршење на оваа одредба од Законот?

Понатаму, во ниту еден член нема да видите. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Грковска.

Една минута контрареплика за господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Очигледно дека оваа ситуација ви оди во прилог за да имате  како да го браните вашиот непотребен предлог закон за изменување на овој закон затоа што факт е дека не почитувајќи го важечкиот закон за јавни собири, вие создавате една ситуација едни

граѓани да насочувате против други г раѓани и на тој начин да се појавувате како спасители на другата група граѓани. Меѓутоа, вие можете да обезбедите нормално одвивање на сообраќајот и должни сте тоа да го направите, како Влада, согласно постојниот закон. Од друга страна, во членот 2 велите дека јавен собир заради мирно изразување на мислење или протест, може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен. . . Зошто велите на секое место, освен. Напишете, нека стои здравстсвени организации итн. Меѓутоа, зошто пишувате кое е соодветно за таа намена. Кој ќе утврдува кое е соодветно. Дали на овој начин вие како влада не го ограничувате во целост правото на одржување на јавен собир, затоа што секое место може да биде несоодветно доколку. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓа Грковска како предлагач се јавува за збор.

**Славица Грковска:** Јас бев свесна дека ќе има бројни манипулации кога ќе стане збор за оваа точка. Незнам дали господинот Блаже Стојаноски видел, меѓутоа, должна сум да го прочитам членот 2-а кој е наш предлог, за да има јавоста предвид за што дискутираме.

"Јавен собир, заради мирно изразување на мислење или протест може да се одржува на секое место кое е соодветно за таа намена, освен до здравствени установи, на начин кој го оневозможува пристапот на возила на брза помош, го нарушува мирот на болните, до детски градинки и училишта, додека децата престојуваат во нив и на автопати и магистрални патишта, на начин со кој се загрозува патниот сообраќај".

Целта е да се спречи злоупотребата на правото на протест за сметка на правото на слобода на движење на останатите граѓани.

Никој не го спори правото на јавен протест на граѓаните на Република Македонија. Напротив, уште еднаш ќе повторам предлозите се со цел да се балансира помеѓу уставно загарантирано право на јавен протест и уставно загарантирано право на слобода на движење на граѓаните на Република Македонија. Никој нема право да го оспорува и да го спречува ниту едното ниту другото. Што ако се доведеме во ситуација, организаторот да го блокира цело време и да го оспорува и да го спречува уставното право на слобода на движење на останатите граѓани и да не побара од МВР воведување на ред и помош околу регулирање на сообраќајот. Ќе се доведеме во ситуација на потполна анархија. Дури треба да прифатиме, во една демократска држава во која правото на протест е уставно загарантирано, дека дури и во такви случаи мора да има ред. Благодарам.

**Слободан Најдовски: Г**осподинот Стојаноски се пријави за реплика на госпогица Грковска. Ќе имате три минути. Пред тоа господинот Макрадули ја има репликата кон вас господина Сстојаноски, па после тоа ќе имате една минута контраеплика на господинот Макрадули, а после тоа ќе оди вашата реплика кон госпоѓица Грковска.

Три минути реплика за господинот Јани Макрадули на дискусијата на господинот Блаже Стојаноски.

**Јани Макрадули:** Загрозувањето на правото со Уставот дадено на правото на другите, регулирано со член 27, за слободно движење, зборуваше госпогица Грковска.

Она што јас сакам да го кажам е дека Владата мора да се грижи кога некои одредби од Уставот кои им се загарантирани на граѓаните,некој со метод на глув не сака ниту да разговара, туку ги загрозува правата и манипулира со граѓаните. Затоа не е чудно што Владата излезе со ваков предлог, исто и Парламентарното мнозинство.

Кога зборуваме за коегзистентност на политиката и беше спомната 2002 година, јас ќе прочитам дел од програмата на ВМРО ДПМНЕ од 2002 година со која програма пратеникот Блаже Стојаноски доби мандат. Тука во точка 7 се вели "цел и задача на ВРМО ДПМНЕ ќе биде, заклучно со крајот на 2003 година, процесот на приватизација да биде целосно завршен. Во јавните претпријатија ќе се извршат аналитички согледувања за можностите и исплатливоста од нивно целосно или делумно приватизирање. Во функција на современ и ефикасен енергетски сектор, веќе се отпочнати преговорите за приватизација на еден дел од ЕСМ. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Макрадули тоа не е во функција. . .

**Јани Макрадули:** За 2002 година зборуваше, за коегзистентноста на СДСМ. Дозволете јас да зборувам за коегзистентноста. . .

**Слободан Најдовски:** Но тоа не е по однос на законот.

**Јани Макрадули:** И 2002 година немаше врска со законот.

"Средствата од приватизацијата на јавните претпријатија, влучувајќи го и ЕСМ, ќе се искористат за финансирање на голем број проекти кои ќе го подобрат квалитетот на животот на граѓаните, системите за наводнување, за намалување на јавниот долг и слично. Сето тоа ќе се изведе на транспарентен начин, со техничка поддршка од меѓународните финансиски институции".

Јас не знам зошто. . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам, зборувајте за законот кој е предложен.

**Јани Макрадули:** Тоа е програмата на ВРМО ДПМНЕ, ако некој не ја слушнал. Значи кога зборуваме за коегзистентност на политиката да зборуваме за коегзистентност на политиката, ако сакаме да манипулираме, тогаш ќе ја доведеме ситуацијата вака и ќе манипулираме со граѓаните, така како Владата и парламентарното мнозинство се обидува да го регулира односот односно едно право дадено со Уставот да не го загрозува друго право дадено со Уставот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Процедурално за збор се јавува господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Очигледно во ова Собрание се воведува една практика што мене лично не ми се допаѓа, а верувам и на другите пратеници.

Факт е дека господинот Макрадули утре ќе биде, или за месец дена претседател на Собрание, но тоа не ми дава за право да меша баби и жаби. На дневен ред имаме конкретен закон, конкретен предлог. Не е на дневен ред Електростопанство на Македонија.

И она што ВМРО го говореше во 2002 година. ВМРО ДПМНЕ во 2002 година падна на избори, го плати цехот за сопственото добро или лошо работење.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски немојте сега и вие да ја кршите процедурата.

**Александар Флоровски:** Затоа јас ве испровоцирав да видам како ќе реагирате. Значи имате два аршина во Собранието. Господине потпретседателе, почитувајте ги барем годините, малце сум постар од вас. Имате два аршина, едниот она под кое вие спаѓате, а нас од опозицијата никој не не есапи. И првата така наречена дигресија која ја воведовте како практика овде која апсолутно нема врска ни со Деловник ни со ништо, некоја измислена категорија, ми земате право на збор. Ако сметате дека таквата практика која сакате да ја воведете, ќе упали, јас ќе седнам, но вака да бидете и спрема останатите пратеници на СДСМ, ЛДП и ДУИ. Едноставно вие наседнавте на мојата провокација и докажавте дека немате ист аршин спрема сите. ВМРО ДПМНЕ 2002 година е завршена приказна, господа. Имате една сосема нова фактичка ситуација.

**Слободан Најдовски:** Можам ли по втор пат да ве передупредам, за третиот пат да завршиме.

**Александар Флоровски:** Нема да дозволам да ме прекинете, затоа што ќе прекинам.

Господине иден претседател ве замолувам, немојте да ја злоупотребувате функцијата која сега ја имате, се надевам утре кога ќе станете претседател на Собрание дека ќе ги водите седниците така како што доликува, така како што е утврдено со Деловникот, со цел дигнитет спрема пратениците од опозицијата.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски не ја прифаќам вашата процедурална забелешка заради тоа што, сите вие знаете,до три пати ве предупредуваме и јас и претседателот, третиот пат ви одземаме збор. Господинот Макрадули два пати го предупредив и третиот пат ако продолжеше, ќе му го одземев зборот. Меѓутоа тој премина на законот. Не сте во право. Ни еднаш на вас не сум ви одземал збор, иако неколку пати сум ве предупредил дека сте надвор од темата.

Продолжуваме со расправата.

Една минута контра реплика за праеникот Блаже Стојаноски.

Повелете господине Стојаноски имате една минута контрареплика, а потоа ќе добиете реплика за госпоѓица Грковска.

**Блаже Стојаноски:** Бидејќи господинот Макрадули сака многу да се потсетува на времињата пред 2002 година, јас ќе го потсетам дека во тој период немаше фирма загубар за која се решаваше, а за која не се блокираат патишта и не се правеа некакви собирања кои значеа укинување на демократијата, според тогашните медиуми и според тогашните ставови што ги искажуваше СДСМ. За жал, денес, еве три години кога е на власт, тоа претставува ограничување на правото на движење на другите граѓани. Меѓутоа, само сакам да истакнам една ситуација.

Вашата реплика која се однесува на проблемот со Електростопанство на Македонија, ќе ја ставиме на дневен ред кога ќе биде донесување на законот за одлагање на продажбата на Електростопанство на Македонија, и приемот на Република Македонија во ЕУ и тогаш ќе можеме да ги искажеме нашите аргументи по однос на тоа прашање затоа што во една минута не можам да. . .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Сега имате три минути реплика на дискусијата на госпогица Славица Грковска.

**Блаже Стојаноски:** Госпогице Грковска јас само сакам да побарам од вас, како пратеничка и од Владата на Република Македонија, да го почитувате членот 4 од Законот за јавни собири кој ќе ви го прочитам и на тој начин мислам дека дефинитивно ќе можете да разберете дека ни една уставна норма не е прекшена, а истовремено може да се обезбеди и нормално функционирање на животот на граѓаните на Скопје и на вкупниот живот на граѓаните на Република Македонија.

Таму стои дека заради заштита на правата на граѓаните, сите права, вклучувајќи го и правото на движење, нормалното одбивање на сообраќајот и тоа е она што го кажувате. Потоа, снабдувањето на населението со лекови, снабдувањето на населението со храна, со гориво и слични неодложни потреби, како и заради непочитување на обврските од меѓународни договори, организаторот на јавниот собир е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба. Редарска сллужба, почитувана колешке се организира за нормално одвивање и реализација на овие права на граѓаните на Скопје и на цела Република Македонија, кои заради јавниот собир можат да трпат последици по однос на остварување на овие нивни права.

Она што сега го велите со ограничувањето, не правите ништо друго туку велите дека она што ќе значи јавен собир вие можете да го ограничите со одлука на Владата или на Министерство за внатрешни работи , доколку сметате дека еден собир се одржува на место кое не е соодветно, според ваше мислење, иако согласно член 21 од

Уставот на Република Македонија, уште еднаш ќе повторам, го немате тоа право. Немате право со закон да ограничувате право кое е дадено со Уставот на Република Македонија.На секој граѓанин на Република Македонија кој барем малку се занимавал со право јасно му е дека е така. Меѓутоа, вие упорно тврдите нешто што не држи и што немате никаков аргумент, освен фактот дека едните граѓани трпеле заради другите. Јас се согласувам дека трпат, но тоа е заради неспособноста на оваа Влада да воведе ред во одвивањето на сообраќајот и почитување на членот 4 од Законот за јавни собири што пред малку ви го прочитав.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковскас:** Господине Стојаноски бидејќи се обраќате до мене и до Владата, еве јас да ви кажам дека се обраќате на погрешна адреса. Сега, незнам дали е тоа намерно, меѓутоа најверојатно е намерно заради тоа што пред малку го прочитавте членот 4 каде јасно стои дека организаторот е тој што е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир и да организира редарска служба.

Значи, ако на некого треба да му се обратите, тогаш треба да му се обратите на организаторот на протестот или на вашите доскорешни сопартијци од члековите ВМРО-ДПМНЕ. Значи, организаторот е должен да го обезбеди одржувањето на редот на јавниот собир, да организира редарска служба и доколку организаторот побара Министерството за внатрешни работи да го направи тоа. Што ако организаторот не го направи тоа, како што беше на протестите во Прилеп.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Три минути реплика за пратеникот Крстевски Зоран.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Потпретседателе, имам информација дека нема тон на преносот. Дали е тоа точно?

**Слободан Најдовски:** Дали има или нема тон на телевизискиот пренос не знам. Молам, нека проверат службите.

Господине Крстевски, има информација дека се е во ред со преносот.

**Зоран Крстевски:** Добро, благодарам.

Потпретседателе, во Њујорк постои закон за забрана на тепање зајаци со пушка од трамвај. Тој закон е донесен пред близу 200 години и уште е на сила. Се поставува прашањето зошто една демократска земја како Америка не го укине тој закон. Значи, се работи за Закон кој во континуитет важи можеби 200 години. Во Њујорк за Нова година четири дена беа блокирани улиците и таму немаше конгресмен или пратеник како што имаме ние овде, кој ќе и предложеше како да го решат хаосот. Туку, ние сега имаме едно кукавичко јајце подметнато од Владата со кое сака да се избегне одговорноста за состојбите во државата. Вие немате протести, вие имате социјален бунт во Македонија. Тоа е битна разлика.

Второ, ако имаше добра намера ние имаме закон од 1995 година, што значи повеќе од десет години егзистира и можеби во решавањето на некои одредби од тој закон ние ќе ги подобревме, да речам релациите помеѓу демократијата, правото на изразување на протест и одвивањето на нормалниот живот. Тоа беше можеби нешто што ќе заличеше на парламентарна разлика. Вака, закон кој го практикуваше Милошевиќ во време кога извади тенкови за да објасни како тоа било демократски ваков закон кој што веројатно Гадафи го има или во Чиле, сега и ние да воведеме, верувајте не е легитимација за нашиот европски курс. Ние сме соочени, денес можеме да гледаме на телевизија, кога протестираат земјоделците во Франција, па тие дури и симболично ги истураат грозјето и тутунот кога не им го откупува државата или не им го субвенционира и тн. Мислам дека во погрешно време на погрешен начин се покренува оваа тема. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Една минута контра реплика пратеникот Грковска Славица.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** И после последното реплицирање по еден повод за еден друг закон бев убедена дека веќе не ми се предизвик репликите на господинот Крстевски, па само заради интерес на јавноста ако Македонија во овој случај се обвинува дека е тоталитарна тоа е во превод она што сакаше господинот Крстевски да го каже, тогаш значи тоталитарна е и Хрватска, каде што треба барем посебна дозвола и каде што во радиус од 100 метри во објектите каде што се одржува седницата на Парламентот, на Владата, на Претседателот на државата и Уставниот суд, не можат да се одвиваат јавни собири. Тогаш Њујорк кој што забранува штрајк на вработените во јавниот сектор е исто така тоталитарен. Да се потсетиме дека синдикатот мораше да плати еден милион долари дневно штета заради протестите кои што ги организираше. Да не одиме во компаративни анализи, затоа што сигурно ќе бидат на прилог на предложените законски решенија. Го молам пратеникот друг пат подобро да се информира, без повторно да влегува во вакви реплики.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Се извинувам, има повторно реакции од господинот Крстевски дека нема тон на телевизија, но еве јавуваат од службите дека се е во ред.

Продолжуваме понатаму со работа.

За збор се јави пратеникот Дојчиновски Киро.

Повелете господине Дојчиновски.

**Киро Дојчиноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јавни собири имало, има и ќе има. Досега не бев потписник на овој текст на донесување на законот, еве од сега јавно кажувам дека и јас се приклучувам кон овој текст на законот.

Мојата определба на дискусијата сакам да ја насочам не во членови, туку во мотивите зошто го носиме овој закон. Тука, немојте да забележите ако кажеме и нешто што е можеби однапред донесено.

Ме загрижи една состојба на мојот колега Крстевски кој што припаѓа на Либерална партија, а се залага за конзервативни пристапи во менувањето на законодавството. Ако некаде зајаците ги газеле некогаш, па сега сеуште стои тој закон, дали токму тоа треба така да биде. Мислам дека времето ги менува состојбите. Времето носи ново законодавство, ако е тоа нормално и ако е тоа потребно.

Мојата дискусија ќе биде под определницата, кочиме низ брдо или на нагорница, со определницата препознатлив ракопис. Во политиката велат поумните од мене и од вас, мудрец е оној кој препознава што поврзува од она што раздвојува и сукобува. И мислам дека ова определба треба да ни биде услов за разгледувањето и на вакви закони. Но услов за ваква определба неопходно соочување е со вистината, односно лице во лице со реалноста, па макар таа било каква да е. Во оваа сала четири генерации парламентарни состави носеа закони, се колнеа, аплаудиравме дека ќе градиме нова самостојна независна евроатланска држава со сите претходни проблеми што се она што треба да се доживее и со се што треба да се соочиме на сметка и на граѓаните, на сите граѓани и на државата и на стандардот и така натаму. Тоа ни беше определба, тоа го определивме. Требаше прво да се развие како што самите знаеме дека тоа што се гради не е комоција, не е помодарство, ниту алтернативна пак стратегија, па сега ќе бараме и друга. Денес тоа прашање, дека градиме капитализам во земја со многу нерешени прашања и апсолвира. Граѓаните во анкетите што последниве денови ги гледаме, па сите различно ги коментираме, али една никако не е коментираме, различно сите се согласуваме дека сме скоро 90% за евроатланска интреграција.

Истото се однесува и за други прашања за современото уредување на државата, кое само пред некоја година беа и дури ако сакате табу тема. И сега, колку повеќе Република Македонија се доближува до Европската унија, имаме сериозна домашна задача, толку повеќе се множи бројот на оние кои во целиот период сомничаво дејствуваа на секој чекор нагоре. Затоа мојата прва определница е кочење нагоре. А, сега доста пак тајно некој и доста дрско, дури заканувачки прават се тоа доближување до Европската унија да не се случи, или пак да трае до недоглед. И тоа токму сега, кога треба целосна мобилизација, и се колневме овдека пред странските референти за напорниот пат, кој никој не смее да помисли дека е така лесен. Но, некој кочи ли кочи. И тука нема спас. И се со една определена цел, некакво патолошко би рекол властољубие кое не може да се сочека.

Во определбата на овие кочничари, им поставувам едно суштинско прашање. Дали се уште сметате дека сте за суштински промени во земјата од поранешниот систем. Па, многу определници на митинзите, односно барикадите јас ги викам, се појавуваат и од тој систем. Уште ли сметате дека треба да се поставува ова прашање за приватизацијата и пазарната економија во која влегува и приватизацијата на Електростопанство, односно дел на Електростопанство. И, сега како да не го спомнам Електростопанство, кога јас не можам да врвам низ Скопје заради точно еден дел од тие незадоволни. Ќе речете да, ама после изборите. Така велите. Во развојот на државата, погубни се тие како словенците викаат кратки станки, нема после. Државата и онака касни. Тоа после, тие одлагања ја доведува до ова дереџе државата. Јас ја разбирам опозицијата, да не се согласува со позицијата, но за стратешките прашања нема одлагање. Поставеното прашање не е случајно. Вашата определба е еден завет во кочницата нагоре. Во вашите дискусии и активности постојано се присутни непријатните последици од приватизацијата, кои се неизбежни и кои мора да поминат. Или нив ќе ги среќаваме, а јас мислам дека ќе се обидуваме и да ги злоупотребуваме. Потсетете се како тоа вие би го направиле. Дали навистина опозицијата ќе го направи тоа подобро, а да биде во духот на новото време за кое се колневме. Ако тоа го знаевте, немаше да се случи ОКТА, Телеком и многу други за кои не постоеше ниту транспарентност, ниту се знае каде отидоа парите. Но, пуста желба за власт, многу ви е брза, не бирајќи средства, се колневте и повикувате на народот. Ако сте демократи, почитувајте ги легалните бирачи што ве доведоа во позиција на тоа и чекајте го времето да се вратите повторно. Постои еден експеримент, кој често се користи како пример за моќта на сугестијата. Во колква мера сигестијата и стабилноста на одредени личности може да биде погубна, доколку се пласираат невистини. Тоа важи и за поединецот, но и за заведени групи, особено оние со многу нерешени прашања.

За жал, драги мои, деновиве се соочуваме со сознанието дека политиката се повеќе го злоупотребува овој потенцијал на човековата сугестибилност. Овде пред се мислам на опозицијата и тоа во негативен погубен смисол. Конкретно мислам, како вешто, но доста провидно ги користите одредени граѓани кога е во прашање продажбата на дел од ЕСМ, а заборавате дека токму тие, вие, на крајот на својот мандат подготвивте закон за продажба на ЕСМ. Ќе речете вие гласавте против. Да. Затоа што беше недокваканн. Овде сугестијата што ја

нудат на недолжните граѓани, зборува за паниката и немоќта во која се наоѓа опозицијата, во немоќта и нервозата да си ја почитуваат институциите. Во еден претходен период, го саздосавте народот, ќе прочитате во речникот што значи тоа, а сега пак го дразните. Човек страв да го фати. Токму истите инспиратори и неколку слични зафати од сомнителен карактер стојат во заднината, а некаде и јавно на челот на постојните последни улични збиднувања.

И, сега не е овој закон заради постојните улични збиднувања. Јас реков ќе има јавни собири и после овој закон, и пред овој закон и сега ќе има. Така и кога продажбата на кој и да е преостанат објект, или пак материјално добро, би се случувало и на Скопскиот плоштад. Во директен телевизиски пренос. Тоа, после набиените сугестии, пак би предизвикало сомневања, протести, политички пресметки и што ли не друго. Испаѓа дека сите оние кои спроведуваат стратешки договорни дејствија не се во ред, кои спроведуваат вакви зделки какви што сакаат да кажат. Освен неколкумина политичари, заштитници кои се најголемите и најгласните во едуцирањето на шашмите околу тоа кој колку продал и колку лаже. Довербата во моралната цврстина на сите кои учествуваат во управувањето на оваа земја, особено со имотот, сакат да ја доведат во неврат, за што особено се создава широко поле на манипулациите на прочуените волци во матно.

Еве, да го погледнеме ракописот, на ова што деновиве набрзина создадена по пат на сугестија невладина организација Глас на светлината се одвива по скопските закрченици.

Незадоволни од приватизацијата на ЕСМ а во духот на светлите демократски принципи и традициите, со помош на 20-тина возила, од ден на ден го блокираат сообраќајот, го умираат животот би рекол на градот, се со цел Владата да се откаже од намерата да го продаде ЕСМ. Сето тоа е легитимно. Во оваа земја сметам дека Законот овозможува 50-тина граѓани во согласност со нивните демократски права да можат да ги ускратуваат. Тоа ли е демократија? Да ги ускратуваат и демократските права на другите граѓани. Постапка блиска до анархија, некој рече пред малце која сака и што таа носи.

А, за потсетување, би сакал да спомнам, само јас мислам дека веќе ми е потребно и тоа, демократијата е систем на норми, на правила, на процедури и закони, врредности што важат за сите.

Значи, тоа е оној систем што се однесува на сите, а не се однесува само на оние чија уста е полна со сугерирана храна уфрлена од поединци, без одговорност за последиците.

Што им се сугерираше на оние што ги блокираа улиците. Од нивната новопечена потпаролка, која што по се изгледа ќе му го загрози местото на постојниот портпарол на ВМРО-ДПМНЕ, кажува дека ќе се покачи цената на струјата, ќе ја снема Македонија, ќе сториме се ЕСМ не го даваме па макар и радикално. Бладања околу тоа, чиј е ЕСМ и кој го создаде, се само неосновани бладања и ништо друго. Никој, ама баш никој од овие демонстранти, блокатори нема никакво ексклузивно добиено право дека тој го создал тоа што се продава, купува. Ако така мислат тогаш сите оние, на кои им го загорчуваат животот, или им направија непроценливи штети, на последиците, на стопанските субјекти, на поединците, на здравството, на децата па и на нивните деца ако сакате, му направија голема штета. Оние чии очиња светкаат избезумено, кога одиме да ги земаме во градинките прашуваат каде е мојот родител. Создаваме трауми уште од малечки. Оние кои што се породија во брзите помош на минус 15, некогаш ќе кажуваат за ова. За демократијата која што некој сака да ни ја каже. Тие кои што го создадоа она за кое што денеска некој се смета дека е сопственик, денес се продава или купува, беа во едно друго време. Одамна не се меѓу нас и затоа таа приказна да ја оставиме настрана.

Се оперира дека акоо се продаде ЕСМ ќе се покачи цената на струјата, па затоа требало да се продаде после изборите. Зарем тогаш ќе нема покачување на цената на струјата? Треба да им одговориме. Не знам што прават кога го чувствуваат и колку се несреќни сега на Одлуката на Регулаторната комисија за непокачување на цената. Исфрлен е адутот од ракав и сега се несреќни.

Не им се укажува дека Македонија не располага со доволно струја онолку колку им треба и колку троши и дека увезува од други земји. Од друга страна Македонија плаќа најефтина струја во поширокиот регион. Сега кога се подготвува регионалното поврзување на енергетскиот систем околу нас дали некој смета дека некој на Македонија ќе и дава струја без пари, затоа што многу не сака, сигурно тогаш ќе мораме да се вклопиме во тој регионален систем на цени на струја. Им се продава лага, им сугерираат да ја сватат како вистина со цел да се создава револт кај најголемиот број граѓани. Чиста демагогија.

Македонија е мала земја и сите ние се познаваме, а по малку и се паметиме. Така, кога деновиве ги гледами демонстрантите "Гласот на светлината" и тие околу нив со се нивните автомобили никако не можеме да се отргнеме од впечатокот дека многумина од нив ги знам уште од почетокот на 90-тите години, можеби не толку лично колку што ми е познат ракописот на инспираторите, организаторите, а богами и на рекламаторите на телевизиите.

Погледнете само која телевизија какви изјави два на граѓаните. Заглавени, избезумени, нервозни за да стигнат до амбулантите , до градинките или стопанствениците до своите зделки. Студентите до своите професори, а некои со многу оштетени возила, каков зијан правите.

Организаторите, инспираторите, а тоа со сигурност не се луѓе регистрирани од невладините организации, туку истите оние кои

во 90-тите години ја заплашуваа Македонија со Албанците, со палење на Американската амбасада и со многу други зло дела дури ако сакате и со најновите работи. Влечењето на уставните измени, изборното законодавство итн. Не дека не се познати, станува збор за 7, 8 или помалку од тоа со позната инспирација, уште да успееја да предизвикаат да ги отстрани полицијата од блокадите, нивниот успех ќе беше целосен, бидејќи тоа ќе им беше крунскиот доказ дека Владата не само што има нечесни намери, туку е подготвена да употреби сила, ви се молам. Како сега да ја сватам демократијата и во духот на тоа заштитата на човековите права за кои сите се крстиме кога некој од новопечените лидери повикува на востание, на окупација, би било добро да им ја објасни содржината на овие два феномена кои практично им ги нуди на граѓаните. На Македонија и е доста од окупации и од востанија . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Дојчиновски, малку да се смират пратениците. Потивко.

**Киро Дојчиноски:** Или, како да ги сватам кршењата на човековите права и рушењето на интегритетот на личноста на прилепскиот зет од Неготино кога на барикадите кај Плетвар со се сватови го запреа и не го пуштаа по невестата. До тогаш додека мајтапски не го натераа да игра оро и да им понуди жолта ракија. Тоа ли е јавен скуп? Прилепчани не се такви, јас сум прилепско дете. Ова се некои изроди. Треба да се срамат за тоа што му го направија на Градот.

Или, како инаку да го сватам тоа што во моето, неколку наврати, чекање заглавен во градските колони ги слушав меѓусебните довикувања на т.н. демонстранти кој каде ќе биде директор, кој ќе биде пратеник, кој ќе биде инспектор, па тогаш ќе видиме. Ветувања со одредена цел. Драма со поделени улоги на невини артисти од нивните не така наивни ментори. Потоа, први ќе ги напуштат и изиграат нивните имагинарни желби ќе завршат со спуштањето на завесата.

Ги почитувам правата на граѓаните да ги искажат своите незадоволства, тоа никој не може да им го одземе. Да испратат политичка порака, да бараат средба со надлежните институции и да ги натераат да работат или други легални форми да најдат, но, како да ги почитувам тогаш кога јас треба да чекам по 5-6 часа да ја поминам улицата "Партизанска", "Илинденска" или не знам што и да појдам таму да го земам мојот внук.

Како што видовме кога ги отстранивме овие инспиратори, чесните производители на тутун во Владата изнајдоа решение, но проблемите и таму ги правеа само повиканите политичари. И вчерашниот прекин на продажбата на тутунот во Прилеп го правеа не производителите, туку тие на кои не им е до решавање на проблемот со тутунот. Колку што разбрав пред малку еве и денеска проблемот со тутунот е решен, но не на улица, туку таму каде треба да се реши.

Опозицијата има простор да ги решава тие прашања во Парламентот, но тука ја нема. Народот не ги избрал да донесуваат закони на улица, тие треба да се тука и практично нивните прашања што им ги дале граѓаните да ги решат. На таквите политичари кои седнати во некои кафеани ги чекаат резултатите, крај. Затоа граѓаните ќе сватат и ќе ги бојкотираат, ќе им речат доста затоа што таков начин на водење политика не дава аир. Ќе им речат дека не им припаѓаат, дека им припаѓаат на своите семејства, тоа се нивни најлични работи и подалеку рацете од нив.

Од овие причини имам морално право заради мирот, заради рационалниот пристап во решавањето на прашањата да се регулираат онака како што треба јавните собири без да се наштети на недолжниот народ на државата во целина. Некој вели не смее пред градинките, пред болниците, пред незнам што, сега Владата во амандманите тоа го решава, луѓе, јас да дојдам до градинката мене ми треба време затоа што мене ме запрел некој. Нека нема таму демонстранти, но јас треба да дојдам до таа градинка. Сметам дека има други форми и начини како тоа да се направи.

Затоа, ве молам, господа сериозни, учени, повластени, аман немојте да се грижите дека нема да се донесе овој закон. Овој закон и треба на една демократска држава. Дозволете да делуваат институциите. Ајде ослободете се да бидете опозиција која не може да го сочека крајот на мандатот. Ќе бидете поголеми, по корисни, по принципиелни.

Имаше уште нешто порано што се викаше грижа на совеста. Навистина во учебниците за демократија нема ништо за тоа, но имаше уште едно нешто се викаше каење. Дали сте слушнале за тоа? Секое да ваше и секое не ваше и наше при одлучувањето носи историска одговорност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓо Бонева само вие ли сте за реплика, бидејќи има многу пријавени ако е некој друг за реплика нека дигне рака, ако е веќе пријавен за збор. (нема)

Повелете госпоѓо Бонева три минути реплика.

**Силвана Бонева:** Најпрвин почитуван претседателе укажување на вас како претседател на Собранието, а потоа и на колегата потпретседател Слободан Најдовски заради тоа што кога зборува опозицијата надвор од точка на дневен ред постојано се прекинува и ни броите дигресии. Треба да имате ист третман и за вашите колеги од парламентарното мнозинство како што беше сега господинот Дојчиноски.

Сега, во однос на говорот што го одржа господинот Дојчиноски, колега, сметам дека до сега барем еднаш месечно требаше вакви патетични говори да кажувате во Собранието во Република Македонија говори за здравјето и животот на граѓаните, бидејќи не организаторите на протестите, туку оваа власт го загрози

животот и здравјето на сите граѓани во Република Македонија, па имаме држава со постојан раст на самоубиства, имаме граѓани кои умираат од глад без оглед на тоа што цела година напорно работат, граѓани кои во моментот заради оваа власт умираат затоа што е неспособна оваа власт да направи да работат апаратите на Кардиологија и на другите клиники во Клиничкиот центар и не можат да се спасуваат човечки животи, а протестите, почитуван колега, се резултат само на неспособноста на оваа власт и на изневерените очекувања на сите граѓани во Република Македонија бидејќи вие ги излажавте 2002 година дека ќе има по еден вработен од семејството и дека ќе живеат многу подобро одколку до 2002 година.

**Љупчо Јордановски:** Пред да му дадам една минута контра реплика на господинот Дојчиноски, бидејќи бев прозван, јас ќе го искоментирам вашиот коментар на моето водење на седницата.

Госпоѓо Бонева, жалам што на крај од мандатот сеуште не научивте како функционирам и кои се моите правила на игра. Во име на потпретседателто не можам ништо да кажам, но никогаш не сум прекинувал кога е општа расправа. Тоа можете да го проверите од стенограмот, а кога е расправа по текстот сум давал дигресии, бидејќи расправа по текстот е сосема нешто друго. Кога е општа расправа секој си вади аргументи, конкретни примери, теоретски примери за да го подржи или одбие законот, да ги убеди пратениците или јавноста. Нормално, тука има малку зачини на политички маркетинг. Тоа ми е сосема прифатливо и затоа не прекинувам, можете во стенограмите да видите дека на општата расправа никогаш не сум прекинал никого, ниту сум спомнал дигресии. По текстот на законот во право сте, точно е и тоа ќе правам понатаму.

Повелете господине Дојчиноски имате една минута.

**Киро Дојчиноски:** Да одземам минута, меѓутоа, многу ми е криво ако навистина пораките што се упатија не ги разбрала колешката. Тоа е нејзин проблем, а зошто еднаш месечно не сме се јавувале, па не можевме од неа, таа е постојано на говорница, таа постојано зборува, а во име на кого, не знам. Толку се, само таа е тука.

Второ, неспособна власт заради Кардиологија спомна. Зошто не го спомнавте и Кедев, тоа не беше во моето излагање, што имаше врска со тоа. Овде имаме други проблеми што ги гледаме секојдневно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Вашата широка дискусија дава поводи за да се спомне и Кардиологија. Не можам да не прифатам такво нешто.

Повелете госпоѓо Станковска имате збор.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе,почитувани колеги,

На почетокот нема да го коментирам воведното излагање на колешката Грковска, само ќе се обидам да го дополнам. Тоа беше точно видување на новинарката Гордана Дувњак, но после одбивање на предлогот од ова парламентарно собрание. Ќе парафразирам во текстот, таа пишува, за жал, парламентарното мнозинство не го прифати разумниот предлог на пратеничката Славица Станковска. Благодарам.

Сега ќе се обидам кратко да дадам сопствено видување на причините поради кои ни се случува улична демократија која во последно време ја практицираат тутуно производителите, лозарите, граѓанската асоцијација или движење "Гласот на светлината" итн.

Почитувани колеги не случајно се вели дека парите го вртат светот. Мислам дека најголем број од вас ќе се согласите со оваа моја констатација, всушност, таа не е моја. Но, исто така, факт е дека парите и политиката се многу често поврзани меѓу себе, тие се испреплетуваат дополнуваат или условуваат. Во земјите со развиена демократија која има изграден систем и функционира правната држава, меѓусебната поврзаност помеѓу парите и олигархијата и политиката, барем за обичниот граѓанин, е многу малку видлива или привидно многу малку се одразува на неговиот секојдневен живот и неговата егзистенција.

За разлика од развиениот свет, во земјите со кревка демократија во кои спаѓаме и ние, не само што е многу силна зависноста на парите, односно олигархијата со политиката, туку тој однос директно ја диктира динамиката на развојот на државата, а со тоа и амбиентот во кој живееме.

За нас ова значи дека какво општество ќе изградиме ќе зависи главно од интелектуалното ниво на олигархијата, нејзините критериуми, но и взаемната инволвираност на нивните пари во политиката.

Праксата покажува дека без разлика кој е на власт, врската помеѓу капиталот и политиката извонредно функционира, а перманентно граѓанинот е тој што губи.

Она што може да се констатира, без амбиција да се биде многу паметен, кај нас предолгиот 15 годишен исцрпувачки транзиционен период главно е диктиран од олигархијата затоа што единствено таа има интерес да не функционира системот на правната држава.

Во случај кога активностите во државата се во насока на средување на состојбите, притисокот на олигархијата станува уште по силен, свртувајќи го вниманието на граѓаните кон објективните проблемим и тешкотии со кои се соочува и на тој начин директно ја принудува Владата да троши време и енергија на инцидентно, ограничено и времено решавање на проблемите, а не долгорочно и систематски кое единствено може да даде резултат.

15 години не се така мал временски период за да од искуството и грешките извлечеме по некоја поука, без разлика кој на која страна припаѓаме, да изградиме стратегија и да не отстапуваме од истата.

За разлика од таквиот логичен епилог, кај нас сеуште се присутни истите методи на манипулација со граѓаните, како и во почетокот на транзицијата кои за секој нов изборен циклус се повторуваат, без разлика на понудата и изборот на политичарите, за да по изборите секогаш имаме изневерен и разочаран граѓанин кој се помалку е мотивиран да учествува во наредниот изборен циклус.

Како поинаку да се разберат политичките менаџирани собири со блокади односно барикади во случај на донесување на Законот за територијална организација, Законот за Тетовскиот универзитет, незадоволството на тутунарите, лозарите, таксистите, граѓанската иницијатива "Глас на светлината" итн.

Можеби во одредени случаи граѓаните поучени од искуството со нетранспарентните продавања на Телекомуникации, ОКТА, криминални купувања на многу претпријатија и не се свесни дека се употребени за дневно политички потреби кои се единствен мотив на политичарите, но се во спрега со олигарските во функција на продолжување на хаосот во државата, заради задржување и зголемување на сопствениот капитал на штета на граѓаните. Во смисла, зошто да го продавате вие кога тоа можеме да го сториме и ние. На пример, на претходната Влада и фалеа 20-тина дена да го продаде ЕСМ онака како што ги продаде Телеком и ОКТА.

Желбата на опозицијата да дојде на власт ја наметнува улогата на современ "Робин Худ", нудејќи рецепти за правда според нејзините аршини, привидно во корист на граѓаните, а всушност ги става во заден план интересите на граѓаните злоупотребувајќи ги за добивање на политички поени.

Позицијата водена од желба да остане на власт потклекнува на притисоците, интервенира во моментот како најдобро знае и умее не да ги решава долгорочно проблемите, туку да го гасне пожарот со краткорочни изнудени решенија.

Тоа би бил логичен заклучок на непредвидливото однесување на Владата, која еднаш ќе го прогласи Законот за јавни собири за неуставен, а сега соочени со организирани собири кои можат да го минимизираат веќе направениот прогрес кој приближување кон Европската Унија истиот по 4 месеци да го прогласи за уставен.

Или, како може да се протолкува последната изјава на премиерот дека тутунот е стратешка култура ако сите, барем ние во овој Парламент, знаеме дека во Законот за тутун и тутунски производи јасно се деклариравме како држава во која тутунот веќе не е стратешка култура, не затоа што ние така сакаме, туку затоа што тоа ни го налагаат меѓународните конвенции и договори кои сме ги прифатиле како еден од условите да станеме дел од големото европско семејство.

Но, по сета ваква извојувана Пирова победа, привидниот победник останува долгорочен губитник.

Добро е ако по сето ова, тутунопроизводителите, лозарите, таксистите, стечајците и сите останати да размислат дали ваквата добивка може да биде компензација за потрошената енергија, мака и цена што постојано ја плаќа во битката за опстанок. А каде во ова миле на желби интереси и активности се наоѓаме ние членовите на Парламентот, како највисок законодавен дом, кој следејќи го погоре кажаното однесување на Владата, гласаме онака како што гласаме.

Во Парламентот, парламентарната опозиција во насока на поддршка и менаџирање на активнсоти за минимизирање на резултати на власта и градење на сопствен рејтинг, ослободена од притисокот на партиските врхушки, без некоја барем за мене видлива стратегија, функционира главно според амбицијата и креативноста на поединецот условена од моменталната инспирација. Ова значи слободно и креативно изразување на парламентарната говорница.

За разлика од неа, ние парламентарното мнозинство , помеѓу обврската впрочем како парламентарните мнозинства во претходните состави, како и парламентарните мнозинства во следните состави по природа на нештата и по логика треба да биде логистичка поддршка на власта, а каде е сопственото его на парламентарецот, сите ќе се запрашаме. Но за однесување на парламентарното мнозинство, во некоја друга прилика.

Почитувани, ако се залагаме за демократско општество и правна држава, тогаш слободите и правата на човекот и граѓанинот признаени со Уставот на Република Македонија и меѓународното право, треба да ги уживаат сите граѓани на Република Македонија, а не истите да имаат селективен карактер. Тоа значи дека група граѓани не смее да биде привелигирана, да ги користи уставните и законските права на организирање на јавни собири, со цел да го изрази своето мислење и јавен протес, а на другите граѓани да им бидат оневозможени, или ограничени слободата и правата.

Незадоволството на одредена група на граѓани изразени преку соодветни блокади на инфраструктури, со евидентни последици во прометот, здравјето на граѓаните и блокада на економијата, сигурно на група на граѓани, или побројна група на граѓани им го оневозможува основното уставно и законско право, слобода на движење и тој, а и институциите како такви, во такви услови не можат или тешко функционираат.

Според она што најчесто се користи како мотив за организирање на јавен собир соодветно место би било пред Владата, пред Собранието, пред Локалната самоуправа, пред соодветно минситерство и т.н. Но сигурно не пред градинките, училиштата, болниците, сообраќајниците, како и во случаи на места каде се загрозуваат правата и слободите на оние на кои секоидневните обврски им се од животно значење. Тоа дека собирите ќе имале карактер да анимираат што поголема група на граѓани за

сопствени ставови, се вика собир на политичка партија и се одвива по правилата со кои и до ден денешен партиите ги одржуваат своите протести или промотивни митинзи и тоа право ниту е спорно, ниту некој некому му го ограничува.

На крајот почитувани колеги, демократијата не претставува анархија. Според мене, иако не сум правник до кога едно уставно или законско право може да биде право. Законското и уставното право може да биде право се дотогаш додека не го ограничи, или оспори правото на друг. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Госпоѓо Лалчевска повелете имате реплика три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, последната искажана мисла на колешката ме мотивира да реплицирам за еден дел, за кој не сакаше ни да проговори.

**Љупчо Јордановски:** Ќе реплицирате за нешто што не е кажано.

**Ристана Лалчевска:** Го кажува. Колешката рече дека демократијата не претставува анархија и притоа, не даде образложение што според неа е анархија, а што според неа е демократија. Јас не знам колкава е грижата на нејзината совест и дали балансирајќи меѓу за и против, може да е симне одговорноста за стореното, односно со писмо го повлече својот потпис од предлагачите и притоа изјави дека се работело за добронамерен фалсификат на нејзините колеги. Дали е свесна дека со тоа навлегува во сфера на кривичното право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Станковска имате една минута реплика.

**Славица Станковска:** На почетокот прво претседателе ќе реагирам на она што мислам вие како претседател на Собранието не реагиравте и затоа не сакам ова време на некој начин да го земете во времето на контра реплика.

Овде воопшто не стана збор за некој потпис, повлекување на потпис, или грижа на совест. Тоа не беше предмет на мојата дискусија, а и тој дел не сакам воопшто да го коментирам.

Колешке, јас немам грижа на совест, а добро е вие ако не сте добро информирани, што значи право, што значи демократија, а што анархија, мислам да седнете или некој да прашате подобро да ве информира. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Јас госпоѓо Станковска реагирав кога реков дека ќе реплицирате за нешто што не е кажано. Мене госпоѓа Лалчевска ме убеди дека сте го кажале, ама не излезе така. Но сепак, реплицираше за нешто што не било кажано, односно претпоставувала дека требало да се каже.

Повелете госпоѓо Биковска имате збор.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе, почитувани предлагачи на законот, почитувани пратеници, сосема очекувано е дека Предлогот, измените и дополнувањата на Законот за јавни собири, побуди голем интерес и кај експертите и кај јавноста и кај сите нас пратениците, а за себе можам да кажам дека го посветив она должно внимание.

Затоа, дозволете ми со оглед на актуелноста на темата, да ги изнесам моите лични ставови иубедувања по однос на Предлогот за донесување на изменит еи дополнувањата на Законот за јавни собири, не навлегувајќи во политички дискусии и квалификации во врска со последните настани.

Прва и основна темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот, кој понатаму Уставот ги категоризира како лични, политички и економски, социјални и културни слободи и права.

Основните човекови слободи и права се основен критериум за положбата и улогата на човекот и граѓанинот во општеството.

Она што е премногу битно, почитувани пратеници, најдобар показател за односите што постојат помеѓу човекот од една страна и власта,односно државата од друга страна. Затоа, ни на кај памет не ни паѓа да се посегнуваме по она што е градено со години и со многу труд, она што Меѓународната заедница највисоко не оценува и она што се вика демократска власт и демократска држава.

Човековите слободи и права не се дозирани и дозволени. Тие се со Уставот потврдени и загарантирани. Меѓутоа во услови кога истите ги загрозуваат слободите и правата на другите граѓани и државните интереси, односно го загрозуваат правниот поредок, јавниот морал, имотот и здравјето на луѓето, или пак, нивното изразување, поттикнува на национална и верска нетрпеливост, употреба на насилство или повик на војна, Уставот предвидува можност за нивно ограничување.

Во член 16 од Уставот на Република Македонија, Уставот ја гарантира слободата на говорот и јавното настапување. Оваа слобода подразбира право на човекот под исти услови како и другите да може јавно на сите места определени за тоа да ги изложи своите погледи и мислења. Ова право е уставно загарантирано, но тоа не значи дека истото треба, или може да биде злоупотребено.

Во член 21 од Уставот на Република Македонија, Уставот ја гарантира слободата на собир и друго јавно собирање на граѓани и истото е регулирано со Законот за јавни собири.

Постојниот Закон за јавни собири е донесен 1995 година и до сега не претрпел измени и дополнувања. Од досегашната примена на овој Закон, а поради недоречености во истиот, често пати имавме и имаме состојби кога граѓаните на јавните собири заради изразување на јавното мислење ги ограничуваат слободите и правата на другите граѓани, правниот поредок, и јавниот

морал, го загрозуваат животот и здравјето на луѓето.

Повикувајќи се на уставната одредба која ја предвидува гаранцијата, односно заштитата на слободите и правата на граѓаните од една страна, а имајки ги во предвид сите случувања во нашата држава од друга страна, и реакцијата, особено последните денови изразена преку медиумите од здравствените институции, јавните детски установи и други поединци, сите ефекти од сето тоа, мислам дека постојат основани причини поради кои се предлага донесувањето на законот за изменување и дополнување на Законот за јавни собири.

Категорично, причините произлегуваат од потребата нормативно да се регулира ограничувањето на јавно собирање, што е неопходно во една демократска држава, со цел да се заштитат слободите и правата на другите луѓе и нормативно да се регулира ограничувањето на слободата на говорот на јавен собир, во смисла на забрана за повик на војна, употреба на насилство, национална, расна и верска омраза и друг вид на нетрпеливост.

Сосема за крај, не коментирајки ги состојбите и последиците и негативните ефекти, особено по ургентните случаи, каде не минути, некогаш и секунди одлучуваат за исходот, односно за животот и последните политички збивнувања на улиците и патиштата на нашата држава, чија мотивација и цел е премногу огледална, како што народот вели многу проѕирна, во насока на конструктивен приод, кон ова чувствителна тема, ги изнесов моите видувања кои одат во насока на подршка на пристапување кон изменит еи дополнувањата на Законот за јавни собири, а прдлог измените со владината амандманска интервенција, по мене се прифатлива форма. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска дали ви се доволни пет минути. Еве од мене имате еден бонус, утре да почнете и да не прекинувате.

Значи почнуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина  со работа во 17,55 часот).